Supported by RegionalCooperationCouncil

InSoC
Association Initiative for Social Change

РОМСКАКЦИЈА+

ГРАЃАНСКИ АНГАЖМАН НА ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА

ДОКУМЕНТИ ЗА ЈАВНИ ПОЛИТИКИ

"Преглед на приоритетните протреби на Ромите на локално ниво и предлози за нивно инкорпорирање во локалните политики на општините"

(Чаир, Шуто Оризари (Скопје), Тетово, Гостивар, Битола, Прилеп, Штип, Куманово, Делчево, Виница, Кочани и Берово)

Издавач:

Проект: Ромска акција + граѓански ангажман на локалната заедница

Финасиран од:

Советот за регионална соработка / The Regional Cooperation Counci

Имплементиран од:

Асоцијација Иницијатива за социјална промена ИнСоК – Скопје

Автори:

Надире Реџепи

Алберт Мемети

Печати: Стерна ДОО, Скопје

“Поддршката на Советот за регионална соработка (РЦЦ) за изработка на оваа публикација не преставува одобрување на содржината која ги одразува само ставовите на авторот (ите), и РЦЦ не носи одговорност за каква било употреба што може да направи од информациите и содржини во неа“

ОПШТИНА ЧАИР

Вовед

Според пописот, бројката на Ромите во Општината изнесува 3.500 но според проценките на локалните НВО оваа бројка е поголема. Најголем број на Роми живеат во Топаана каде што според проценките на локалните НВО (Сумнал) околу 4500-5000 граѓани се од Ромската национала припадност. [1] Голем број на Ромски семејства во Општината се соочуваат со проблеми од областа на домувањето што веќе долго време е позната карактеристика на Општина Чаир. Иако во последните години во делот каде што живее Ромското население направени се повеќе инфраструктурни зафати, инсталирани водоводни и канализациски мрежи, уредувани тротоари и слично, сепак долготрајниот процес на транзиција на општеството предизвика осиромашување на најголем број граѓани. Ромите како најранлива група се најмногу зафатени од ваквиот бран на осиромашување.

ЛИЧНА КАРТА НА ОПШТИНАТА

Општина Чаир е една од помалите општини под составот на Град Скопје, лоцирана на 2км оддалеченост од центарот на градот. Со вкупна површина од 3.52 км² Општина Чаир граничи со општините Бутел, Центар, и Гази Баба. Според податоците од последниот попис на населението во 2002 година, во Општина Чаир има 17.107 домаќинства со 64.773 жители, од кои 32.374 се мажи, а 32.399 се жени. Општина Чаир се вбројува во општините со висока стапка на наталитет и природен прираст во Република Македонија. Најголем дел од населението во Општина Чаир се Албанците со 57% , потоа Македонците со 24.7%, Турците со 6.9%, Ромите со 4.7%, Бошњаците со 4.5% и другите со помал процент.

[1] Habitat for Humanity Macedonia, “ Почетна Студија за Домување на Ромите во Општина Чаир” Линк: http://www.merc.org.mk/Files/Write/Documents/04782/mk/Domuvanje_Chair_HABITAT.pdf

Анализа на проблемите

Во извештајот „Заедницата на Роми во Република Македонија – состојби и предизвици во домувањето и здравството“ е истакнато дека: „Ромските семејства многу често живеат во лошо градени супстандардни домови, во кои нема соодветен довод на вода за пиење и санитација; домовите на ромските семејства се мали, планирани за извршување и обезбедување на основните потреби, со животен простор од помалку од 5 квадратни метри по член на семејството кај повеќе од 50 % од населението. Дури 77 % од семејствата имаат санитарен јазол (или полски клозет) во дворот, а 58 % користат чешма за вода надвор од домот; и натаму речиси 10 % од ромското население нема никаков довод на вода за пиење и за дневна хигиена, а се проценува и дека околу 50 % од овие семејства немаат соодветно решение за одвод на отпадните комунални води од нивните домови“.[2]

Ромското население во општина Чаир е највеќе населено во населбата Топаана и Тенеќе Маало. Живеалиштата на ромските семејства во овие две места се неплански изградени со непрописна инфраструктура, лош пристап од еден до друг објект, отворени армосферски канали без вода, струја и канализациона мрежа. Исто така овие две места каде што живее ромското население нема улично осветлување. Локалната власт за сега сеуште нема превземено драстични мерки за промена на ваквата состојба.

Регулирање на домувањето на Ромите во општина Чаир е можно преку легализација на бесправно изградените објекти и оваа мерка е една од клучните за решавање на прашањето за домување. Според Хабитат Македонија по изгласувањето на Законот за легализација на бесправно изградени објекти, Ромите од Топаана во рамки на проектот кој што бил спроведуван од организацијата, околу 106 семејства поднеле барања за легализација.

[2] Заедницата на Роми во Република Македонија – Состојби и предизвици во домувањето и здравството, Милевска-Костова Неда, Еминова Ениса, 2008,

Според истражувањето[3] на Хабитат спроведен во почетокот на 2017та година со примерок од 736 испитаници Роми се изјасниле дека 96% од нив живеат во куќи, 2% во стан и 2% во привремено живеалиште. Најчесто домовите во населба Топаана се со површина од околу 50м2, но постојат и домови кои се поголеми и се со површина од 100 м2. Според анкетата најпроблематични простории од домовите им се тоалетите и бањите бидејќи една третина од испитаници одговориле дека тоалетите односно бањите не се внатре во нивните домови туку се надвор од куќата. Ромите ова оваа населба се соочуваат со проблем во канализационата мрежа, имено еден дел од населбата има таква мрежа и истата е поставено со само-финансирање, граѓаните сами собирале средства за да се направи ваква мрежа. Сепак одредени делови немаат канализациона мрежа и поради тоа на места има отворени атмосферски канали кои поминуваат низ населбата и се небезбедни особено за децата.

Дополнителен проблем во населбите е уличното осветлување, изградбата на тротоари паркови и зеленило. Ромите од Топаана исто така се соочуваат и со проблемот со собирање на смет, имено екипите на ЈКП не секогаш го собираат сметот од улиците. Поради неажурноста на екипите, во Топаана на одредени места се собираат купишта смет кои прераснуваат во мали депонии и потоа истите се палат.

Заклучок

Ромите кои живеат во населбата Топаана и Тенеќе Маало се соочуваат со сериозни проблеми во делот на домување и инфраструктура. Населбите се неплански и густо изградени со објекти поврзани една до друга. Околу живеалиштата особено оние коишто живеат на самиот пат немаат прописна инфраструктура односно нема тротоари каде што пешаците може слободно да се движат, истите мора да се движат на самата улица која е доста фрекфентна со возила особено за време на летниот петиод. Безбедноста на децата Роми во овие населби е исто така доведена во ризик бидејќи во и околу населбите нема зелени површини и места за одмор и рекреација каде што децата би можеле да го

[3] Ибид,

поминуваат своето слободно време. Дополнителен проблем како што беше напоменато е не постоењето на осветлување во улиците, и недостатокот на канализациона мрежа. Во населбата постојат канали коишто не се заштитители и поради недостаток на осветлување постои сериозен ризик лицата коишто се движат по улицата да паднат во овие незаштитени канали.

Препораки

1. Општинските власти треба да го реализираат ДУП-от кој е донесен во 2007, иако е тешко истиот да се реализира бидејќи е донесен пред десет години. Во спротивно треба да подготват нов ДУП кој ќе одговара на потребите на Ромите и истиот ќе ги реши проблемите со кои се соочува заедницата во оваа населба.
2. Општината да одвои средства од локалниот буџет за изградба на канализациона мрежа. Доколку нема финансиска можност да ја финансира канализационата мрежа со сто проценти, властите со предлог проект може да аплицираат за странски донации.
3. Општината во соработка со ЕВН треба да постави осветлување во сите улици во населбата, бидејќи тоа е обврска на општинските власти, но и на ЕВН како дистрибутер на електрична енергија и надлежна институција која треба да се грижи за осветлување на улиците.
4. Општината во соработка со ЈКП редовно да го собираат сметот и почесто да ги чистат улиците. Доколку не го чистат сметот, ќе се претворат мали депонии коишто негативно ќе влијаат врз самата заедница но исто така малите депонии ќе допринесат за дополнителен трошок на ЈКП за чистење на истите бидејќи за целосно отстранување на мини депониите ќе треба да се ангажира дополнителна механизација.
5. НВО секторот во населба Топаана да ја подигне свеста кај локалното население за последиците од фрлање на отпад во самите улици односно на недозволени места.
6. - Изградба на зелени површини околу населбата но исто така на истата површина да се изградат спортски терени и реквизити за рекреација.

Библиографија

- Државен Завод за Статистика, “Статистички Годишник на Р.Македонија- Население 2013, Т-03.01.7: Попис 2012 Вкупно Население во Р.Македонија според припадноста на етничка заедница по општини”
- Habitat for Humanity Macedonia, “ Почетна Студија за Домување на Ромите во Општина Чаир”

ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ

Вовед

Во отсуство на соодветен буџет на општината Шуто Оризари, унапредувањето на позицијата на Ромската заедница претставува сериозен предизвик поради неможноста на локалните власти да привлечат средства за реализација на проекти и активности. Општина Шуто Оризари во изминатиот период имаше Локален Економски План 2014 -2020, меѓутоа политичката криза и другите приоритети придонесе процесот на усвојување на новите ЛАП да биде позабавено.

ЛИЧНА КАРТА НА ОПШТИНАТА

Површина: 7,5 км2, Население: 23017 жители, Густина на населението: 2943 жители н м2 Роми:13342. Официјален е ромскиот јазик 95% од Ромите Градинка 8ми Април. Две основни училишта и едно средно училиште.Центар а Социјални работи, Здравствена станица, Мнозинство од вработените во општината се Роми 1881 Невработени Роми. 740 Жени

Шуто Оризари е единствената ромска општината каде што е сконцентрирано 50% од вкупното ромско население. Генерално околу 80% од населението е претприемачки ориентирано и функционира во т.н. сив сектор, при што голем број од нив се и корисници на социјална помош.

Во однос на проблемите со кои Ромската заедница се соочува, во рамки на работилницата[1] со локалните претставници, реконструкцијата и санацијата на улици, патишта, атмосферска и фекална канализација, како и развој на локалната економија се идентификувани како клучни приоритети на кои треба да работи општината. Покрај тоа што локалната самоуправа на Општина Шуто Оризари во своето досегашно работење имаше преземено одредени инфраструктурни проекти од доменот на водоснабдување и асфалтирање на одредени споредни улици, сеуште одредени делови од ромските населби не се поврзани со водовод и канализација.

[1] Работилница на ИнСоК со претставници од локалните самоуправи при проектот „ROMA ACTION + civic engagement of local community“ Повеќе информации за проектот се достапно на https://goo.gl/VrnHWw

Во изминатиот период, голем број Роми имаат побарано азил во земјите од Западна Европа и се почесто младите Роми излезот го гледаат на овој начин. Поради големиот наплив на азиланти од Македонија, голем број Роми се вратени и истите се надвор од системот на социјална заштита, образование, вработување поради тоа што изгубиле дел од своите права.

Невработеноста е исто така голем проблем како и функционирањето во сивиот сектор, при што истото се јавува како проблем за генерирање на приходи од страна на општинските власти. Целта на овој документ за јавни политики е да ги идентификува приоритетните проблеми со кои се соочува Ромската заедница во Шуто Оризари и да даде препораки за надминување на истите со цел вклучување на Ромите на локално ниво.

Анализа на проблемите и потребите

Инфраструктура и домување

Според истражување на Хабитат, генерален заклучок е дека во општина Шуто Оризари постои пренаселеност и дел од населението сеуште живее во супстандардни услови. Одредени живеалишта на Ромите се отсечени, немаат приклучок кон водоводната мрежа, без електрична енергија како и голем број куќи се без број и немаат соодветна адреса. Сообраќајот во општината е значително отежнат поради густата населеност и немањето на доволен простор за паркирање.

Голем број на барања за легализација суште не се процесирани пред се поради политичките манипулации, но и поради немањето на капацититет на вработените.

Интегрирање на Ромите повратници од странство

Со воведувањето на визната либерализација, голем број на Роми особено млади се повеќе ја напуштаат државата и го бараат решението во западните земји преку различни механизми – барање азил, вработување, како и склучување бракови, се со цел да избегаат од лошите социо-економски услови во државата. Притоа, водени од помислата дека ќе останат таму, дел од нив го продаваат целиот свој имот само за да обезбедат доволно средства за да стигнат до одредени земји. Во изминатиот период, голем број од нив се враќаат назад во Македонија поради тоа што нивните барања за азил се одбиени бидејќи мотивите се главно од економски причини. По враќањето

назад истите не може да се регистрираат во агенцијата за вработување, не можат да остварат право на здравствена заштита, децата се исклучени од образованието, а голем број од нив немаат каде да престојуваат бидејќи претходно ги продале своите домови. Оваа група е подложена на голем број социјални ризици и треба да се изнајдат соодветен мерки од страна на надлежните институции за нивно повторно вклучување во системот.

Вработување

Според податоци на АВРМ најголем број од невработените Роми во 2016 година се наоѓаат во општина Скопје 1.779 невработени Роми, пред се поради најголемата дистрибуција на Роми токму во оваа општина – речиси 50% од ромското население живее во Скопје. Може да се забележи дека младите Роми до 25 години имаат најголем удел во рамките на невработеноста на Ромите според возрасните групи, и доколку се има и предвид и горниот лимит до 29 години, овој процент изнесува речиси 31%. Податоците укажуваат дека младите Роми кои се невработени се соочуваат со зголемен ризик од маргинализација, особено тука спаѓаат оние кои доаѓаат од семејства со понизок социо-економски статус и од руралните и неразвиените подрачја.

Доколку посебно ги разгледуваме евидентираните лица од ромска националност, според нивната образовна структура, најголем е бројот на евидентирани Роми без образование и со основно образование односно во Скопје од вкупно евидентираните невработени Роми, 87% се без образование и со основно образование. Според истражувањето направено од ЦЕА, може да се види дека во 2016 година корисници на мерките се само 1,5% односно 30 лица се од ромска национална припадност.

Препораки

Од анализата произлегува дека општината Шуто Оризари има сериозни внатрешни предизвици– недоволно човечки капацититет, задолженост како и низок буџетот и како резултат на тоа не може да одговори на бројните предизвици со кои Ромската заедница се соочува на локално ниво. За да одговори на соодветните проблеми, општината пред се треба да вработи високо образован кадар способен за пишување и спроведување проекти како и да изнајде соодветни решенија за привлекување донатори и странски инвеститори во општината. Препораките во овој дел ќе бидат насочени кон сите засегнати страни кои придонесуваат и работат за развој на Ромската заедница и социо-економско вклучување на Ромите во општеството.

Препораки за домување:

1. Изградба на атмосферска и фекална канализациона мрежа во целата општина. Со оглед на тоа дека општината нема доволно средства за реализација на капитални проекти, општинските власти треба да ги разгледаат можностите за задолжување и привлекување на грантови од страна на институционални инвеститори отпочнување со овој амбициозен проект.

2.Социјални станови/ субвенционирање на домувањето на Ромски семејства кои имаат статус на бездомни лица . Со оглед на тоа што најголем број на бездомни лица се од Ромска националност и имајќи во предвид дека останатите општини не се заинтересирани за решавање на овој проблем, општината треба да обезбеди просторна локација и во соработка со Министерството за транспорт и врски да почне со изградба на социјални станови.

3.Продолжување на процесот на легализација и без каматни кредити за Ромите кои се примателиа на социјална помош за покривање на трошоците на легализација. Имајќи во предвид дека претходната власт не покажа интерес за решавање на проблемот на легализацијата на дивите населби поради контрола на гласачкото тело, тековните локални власти

треба да се залагаат да се отвори подрачно одделение на Управата за имотно правни односи, како и дисперзирана канцеларија на Агенцијата катастар на недвижности во општината Шуто Оризари за да се реши проблемот со легализација во најкус можен рок.

Интеграција на повратниците од странство

1. Прифатен центар за повратниците од странство. Голем број ги имаат продадено своите куќи и откога се вратени од странство немаат каде да се сместат. Оттука од особено значење е изградба на прифатен центар за повратниците кој ќе обезбеди привремено сместување од 60 – 90 дена за да се изнајде привремено решение и даде простор за пронаоѓање на долгорочно решение

2. **Вклучување на пазарот на труд.** На повратниците од странство треба да им се овозможи да се пријават како активни барателиа на работа со цел да ги зголемат шансите за вработување и имаат доволни приходи за домување и нормално функционирање

3. Реинтеграција на децата во образованието. Треба да се овозможи додатни наставни програми, како и поддршка од социјален работник и специјален едукатор за повторно вклучување на децата во образованието.

Препораки за вработување:

1.Развој на технолошко индустриската зона и привлекување на странски инвестиции. За да привлече странски инвестиции, општината пред се треба да ја изгради соодветната инфраструктура – пристапни патишта, водоводна мрежа, фекална и атмосферска канализација како и да ги развие капацитетите на вработените да можат да одговорат на барања на инвеститорите во издавање на дозволи и други административни техники документи. Паралелно, треба да вложи и во маркетинг и промоција на општината и да ги таргетира оние сектори кои се трудово интензивни бидејќи на нив им е потребна евтина работна сила. Воедно, општината треба да ја стимулира и Ромската дијаспора за вложување во општината и во отворање на нови компании.

2. Поттикнување на Ромите за поактивно учество во активните мерки за вработување и стимулирање на претприемништвото. Оттука, во секоја од предвидените мерки да се воведе таргетиран пристап на одреден број на Роми да бидат опфатени со различните програми, како и да се воведе дополнителна мерка за дообразование со оглед на тоа што поголем број од Ромското население е со основно образование. Исто така, треба да се воведат програми за Менторирање на ромски претприемачи и грантови за започнување на бизнис, особено формализација на нелегалните бизниси и искористување на можностите за регистрација на фирми со почетен капитал од 1 евро кое се предвидува после јануари 2018.

3. Гаранциона мрежа за зголемување на вештините на младите Роми. Со оглед на тоа дека, Република Македонија треба да почне со имплементацијата на гаранционата мрежа на млади, општините треба да извршат мапирање на населението и идентификување на оние кои не се ниту во образование, ниту вработени и соодветно да креира мерки кои ќе ги таргетираат квалификација и доквалификација на оваа категорија Роми.

4. Инкубатор за развој на нови компании. Стимулирање и развој на микро, мали и средни претпријатија преку овозможување на пристап до услуги и техничка поддршка, обуки и тренинзи, Менторирање од странски на домашни и странски компании, посредување при финансирање и организирање настани за вмрежување како и бенефицирани цени за просторни капацитети. Со овој бизнис инкубатор треба да се таргетираат младите Роми со цел да отворат нови компании – агенции, ИТ фирми, биро за сметководствени услуги, консултантски фирми и сл.

Библиографија

1. Стратегија за локален економски развој на Шуто Оризари, 2014 – 2020
2. Истражување на пазарот на труд: Профил на Млади невработени Роми од Скопје, Тетово, Битола и Кочани, ЦЕА 2017
3. Како политиките за развој на претприемништво да придонесат за социо-економски вклучување на Ромите во Македонија, 2017, ЦЕА, ИРИЗ
4. Преглед на невработени според етничка припадност, АВРМ 2017

ОПШТИНА ТЕТОВО

Вовед

Мултиетничкиот соживот во градот придонесува за меѓусебна соработка и користење на повеќе јазици на локално ниво. Зависно од местото на живеење голем дел од Ромите освен ромскиот јазик го користат Албанскиот и Турскиот како мајчин јазик. Ромите од Тетово живеат главно во урбано населени и мешани места, како Поток, Центар, Горна Чаршија, Теќе итн. Населбата Красниќи е единствената населба во Тетово каде што Ромите живеат во бедни услови без водоводна и канализациска инфраструктура. Според последните податоци, Тетово е рангиран како град со највисока стапка на невработеност во земјата. Над 8 илјади граѓани се регистрирани како активни баратели на работа.[1] Според податоците на Министерство на Труд и Социјална Политика, во центарот за вработување вкупно 13 917 граѓани се регистрирани како невработени во 2017-та, од кои 3 186 или 22.8% се Македонци, 10 247 или 73.6% Албанци, 286 или 2% Роми, 104 или 0.74% Турци, 29 или 0.2% Срби, и 63 или 0.4% Други.

ЛИЧНА КАРТА НА ОПШТИНАТА

Тетово е рангиран како еден од големите градови во Р. Македонија со вкупна површина од 1 053 km², лоциран во северозападна Македонија во Полошкиот регион. Градот е познат по природните планински убавини и по мултиетничкиот соживот на граѓаните. Според последните податоци од пописот во 2012, вкупното население во Тетово брои 86 580 жители, од кои околу 23% Македонци (20 053 Македонци), 70% Албанци (60 886 Албанци), 2.72% Роми (2 357 Роми), 2.1% Турци (1882 Турци), 0.69% Срби (604 Срби), 0.18% Бошњаци (156 Бошњаци), 0.01% Власи (15 Власи), и 0.72% Други (627 Други).

[1] Алфа Тв Вести, "Најголема невработеност во Тетово, следат Куманово и Прилеп", Линк: http://www.alfa.mk/News.aspx?ID=125577

Во последните 5 години (од 2013-та до 2017-та) забележителен е фактот дека стапката за невработеност меѓу ромската етничка заедница е зголемена за 100%, од 143 невработени Роми во 2013-та на 286 невработени во 2017-та. Ваквиот тренд кај ромските семејства најчесто резултира со заминување во странство за печалба во потрага на подобри услови на живот надвор од границите на Македонија.

Месечните приходи на едно просечно четиричлено ромско семејство од Тетово се околу 150-250 евра, во зависност од занимањето и бројот на вработени во семејството. Доколку целото семејство е невработено тогаш во поголем број од случаевите семејството зависи од месечните примања на своите роднини од странство или пак од социјалната помош која тешко ги покрива најосновни трошоци за живот.

Голем дел од ромите во Тетово се занимаваат со традиционални занаети како што се ковачништво, браварија, столарија, градежништво, лимарија,трговија, фризерство итн.

Анализа на проблемите

Тетово како и останатите градови се соочува со повеќе проблеми од различни области. Со цел да ги идентификуваме проблемите на локално ниво, спроведовме кратка анкета со преставниците на локалната самоуправа[2]. Според добиените информации од анкетата, локалната власт стреми кон приоретизирање и решавање на следниве проблеми: Инфраструктура (без водоводна мрежа), Лична документација (50 лица), Вработување (Отварање на фабрика која ќе придонесе за намалување за невработеноста во општината), Социјална заштита (лица кои немаат документација), Домување Од добиените одговори, може да заклучиме дека преставниците на локалната власт тешко можат да дадат приоритет на одреден проблем, бидејќи сите проблеми се подеденакво важни и итни за решавање. Главниот

[2] Работилница на ИнСоК со претставници од локалните самоуправи при проектот „ROMA ACTION + civic engagement of local community“ Повеќе информации за проектот се достапно на https://goo.gl/VrnHWw

фокус на овој бриф е областа на вработување на Роми, идентификување на постоечки мерки и програми за нивно вработување, и давање насоки за идни чекори кон меинстримување на политиките за Роми.

Започнувајќи од својата независност па се до ден денес Република Македонија се бори со високата стапка на невработеност и обидите истата да се намали. Во 2017-та, во Р. Македонија вкупно 104 958 лица се регистрирани како невработени, 13 917 или 13.2% се регистрирани во општина Тетово од кои 2% се Роми.[3] Иако официјалните бројки покажуваат 2% на невработеност меѓу ромската етничка заедница, нашето искуство на терен покажува дека бројката е поголема. Бидејќи проблемите со кои Ромите се соочуваат на локално ниво се меѓусебно поврзани создаваат поголеми тешкотии во нивно решавање. Немање на лична документација, неинформираноста, институционалната дискриминација, и степенот на образование се дел од постоечките проблеми кои ја зголемуваат стапката на невработеност меѓу Ромите во Тетово.

Во пракса постојат различни национални и локални акциски планови за намалување на стапката на невработеност меѓу Ромите. Национална Стратегија за Роми 2014-2020 година, Национален Акциски План за Врбаотување на Роми 2016-2020, Оперативни Програми и Активни Мерки за вработување 2007-2017, и Локални Акциски Планови (производ на ЕУ-ИПА 4 компонента) се дел од развиените планови кои стремат кон решавање на постоечките проблеми на Ромите на нацинално и локално ниво.

Недостигот на системска координација и инфраструктура помеѓу локалните и националните власти често резултираат со неуспех во процесот на имплементација. Главно, сите произведени документи стремат кон една цел, "намалување на невработеноста меѓу Ромите", но за жал природата на ова комплексно прашање бара креирање на инфраструктура за соработка со сите заинтересирани страни (работодавци на национални и локално ниво, јавни

[3] Министерство за Труд и Социјална Политика, "Податоци невработени Роми".

институции, политичари, локални граѓани, Роми, преставници на Ромските заедници, невладини организации итн.) и редовна дискусија во локалниот совет и седници.

Според информации на НВО "Сонце" од Тетово, општината во следниот период ги планира следните приоритети:

- канализација и бекатонирање на улица 29 Ноември (улица населена со Роми)
- вработување на Ром-ка за ромски прашања во кабинетот на градоначаничката
- вработување на Роми во сите произлезени конкурси од страна на институциите во градот
- изградба на инфраструктурата во сите населби каде живеат Роми
- реализација на приоритети донесени од страна на локалната акциона група

Заклучок

Од анализата произлегува дека општина Тетово имплементира ЛАП со цел намалување на стапката на невработеност меѓу Ромите. Општина Тетово од 2014-та година има формирано Локална Акциона Група во која членуваат преставници Роми од сите населби од градот. Заедно со членовите на општината донесуваат одлуки за нивните приоритети. Исто така општина Тетово е прикажана како пример за успешна практика за спроведување на ЛАП од областа на вработување. Преку мерката- Македонија вработува заедно со мерката Самовработување за прв пат во Тетово отворени се седум бизниси водени од лица од ромска национална припадност.[4] Ова укажува на фактот дека голем број на Роми се заинтересирани за отварање на бизниси. Со правилно дефинирање и имплементирање на целите, активностите, и фокус групите, општините лесно можат да покажат позитивни резултати.

[4] Центар за Економски Анализи (ЦЕА), "Преглед и анализа на националните и локалните услуги за социјална заштита, националните и локалните политики и иницијативи релевантни за социјално вклучување на Ромите преку пазар на труд"стр.6

Препораки

Со цел за успешно надминување на неповолната состојба на Ромите во пазарот на трудот и креирање на позитивни резултати на локално ниво, ги посочуваме следниве препораки:

1. Креирање на системска инфраструктура од процес на дефинирање до процес на имплементација помеѓу различните нивоа: еден од првите чекори пред превземање на било какви мерки е креирање на системска соработка со сите заинтересирани страни, нивно активно вклучување во целокупниот процес на имплементација, почнувајќи од процесот на дефинирање на приоритетните проблеми, акции, па се до нивно репортирање. Тука Ромите имаат битна улога во идентификување и решавање на потребите на локално ниво. Потребен е модел кој ќе ги вклучи сите заинтересирани страни, особено ромскиот невладин сектор, за подобрување на заедничката соработка и делување на терен.
2. Мапирање на локално ниво за идентификување на потребите на претприемачите и младите од Ромска националност: со цел полесно приоретизирање на проблемите на ромите во локално ниво, мапирање на податоци за идентификување на нивните потреби би го олеснил процесот на идентификација и би користел за превземање на конкретни чекори во иднина.
3. Креирање на иницијативи за развој на претприемништво и претприемнички вештини и поттикнување за започнување на сопствен бизнис кај младите лица/Роми како начин за самовработување имајќи предвид дека тоа претставува втора најзастапена форма за вработување на младите лица по вработувањето кај друг работодавач.
4. Техничка подршка во процесот на регистрирање на бизнисите и ослободување од даноци или паушали.
5. Нудење на грантови за финансика подршка/ неповратни средства за отварање бизнис- посебен фокус кон младите Роми.

6. Креирање на политики со приватениот сектор за привлекување на нивната заинтересираност за вработување Роми на локално ниво (помали даноци).
7. Заживување на процесот на "Активација" првенствено преку зајакнување на човечките и материјалните ресурси во Центрите за вработување како што е "Гаранција за млади" притоа имајќи го во предвид огромниот број на НЕЕТ млади во Р.Македонија.

Библиографија

· Државен Завод за Статистика, "Статистички Годишник на Р.Македонија- Население 2013, Т-03.01.7: Попис 2012 Вкупно Население во Р.Македонија според припадноста на етничка заедница по општини"
· Алфа Тв Вести, "Најголема невработеност во Тетово, следат Куманово и Прилеп"
· Министерство за Труд и Социјална Политика, "Податоци невработени Роми"
· Центар за Економски Анализи (ЦЕА), "Преглед и анализа на националните и локалните услуги за социјална заштита, националните и локалните политики и иницијативи релевантни за социјално вклучување на Ромите преку пазар на труд"

ОПШТИНА ГОСТИВАР

Вовед

Од 2002 година, голем број фактори влијаат врз структурата на населението во општината, особено во последните неколку години кога жители од различни етнички заедници се обидуваат да имигрираат во Западна Европа. Со текот на годините, општината вложува максимални напори за да го задржи своето население во Гостивар преку зголемување на економските можности кои имаат за цел да создадат подобар квалитет на живот.

Демографски, општината е дом за 2.237 граѓани Роми [1] , според последните резултати од пописот на население 2002 година. Оваа бројка се предвидува да варира со мала маргина која е предизвикана од push и pull факторите на миграција, економската сигурност и други додатни фактори кои генерално влијаат на општата популација на општината. Ромите во општина Гостивар неколку години по ред на локалните избори обезбедувале мобилизација на гласачкото тело за изгласување на кандидат за советник Ром кој е вклучен во листи на Македонски политички партии.[2] Во последните три состави Советот на општината Ромската заедница имала барем еден советник Ром, иако според бројот на ромскиот електорат во општината граѓаните Роми имаат капацитет за

ЛИЧНА КАРТА НА ОПШТИНАТА

Гостивар е општина во северозападниот дел на земјата, која опфаќа околу 650 километри квадратни. која опфаќа околу 650 километри квадратни. Градот е административен, политички, бизнис и културен центар за околу осумдесет илјади жители, од кои речиси 36.000 живеат во градското јадро. Општината е дом на неколку етнички заедници. Во Гостивар живеат Македонци, Албанци, Турци, Роми и други етнички заедници. Составот на населението е: Албанци со околу 66,6%, Македонци 19,5%, Турци 9,8%, Роми 3,8% и други 0,3% .

[1] Државен Завод за Статистика. Попис на населението. Пристапено на: 11.11.2017. http://www.stat.gov.mk/Publikacii/knigaXIII.pdf

[2] Општина Гостивар. Пристапено на 11.11.2017. http://www.gostivari.gov.mk/web/index.php/mk/keshilli-i-komunes/keshilltaret

барем двајца советници. Покрај овој факт, најголемиот импакт врз Ромската заедница го имаат граѓанските организации, односно постојаната посветеност и напор на секторот за подобрување на ситуацијата на Ромите во општината. Според достапните податоци за општина Гостивар може да се забележи дека проблемите на Ромите се меѓусебно поврзани. Покрај наведените проблеми постојат дополнителни проблеми кои го отежнуваат животот на Ромите во општината. Во контекстот на проблемите се додаваат и дискриминацијата и лицата без лична документација. Во општината сеуште постои скриена структурна дискриминација која често граѓаните ја пријавуваат во локалните граѓански организации. Додека пак проблемот со лицата без лична документација претставува спрега за практикување на правата како граѓани во општината. Со овој проблем всушност лицата фантоми неможат да се стекнат со право на образование, здравствени услуги вработување и често пати истите лица се субјект на дискриминација.

Во целост, општина Гостивар вложува напори за хармонизација на проблемите и изнаоѓање на решенија. Органите на општината често се фокусирани на генералните проблеми на општината без специфичен фокус или директна агенда за потребите на Ромите. Организацијата и работењето на советот како главен орган на општината го регулираат постојани комисии кои се креирани според потребата на општината. Овие комисии се креирани според статутот на општината и нивната работа и ингеренции се детално опишани во истиот. Според статутот постојат десет (10) комисии[3] за различни сфери од општествениот живот на жителите во општината и тоа:

• Комисија за склучување на бракови
• Комисија за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот
• Комисија за мандатни прашања, избори и именувања
• Комисија за финансии и економски развој
• Комисија за планирање и уредување на просторот и заштита на животна средина и природа
• Комисија за комунални работи и сообраќај
• Комисија за јавни дејности
• Комисија за нормативно-правни прашања
• Комисија за еднакви можности помеѓу половите
• Комисија за односи меѓу заедниците

[3] Општина Гостивар. Пристапено на 11.11.2017. http://www.gostivari.gov.mk/web/index.php/mk/keshilli-i-komunes/keshilltaret

Комисиите, составени од советниците во Советот на општината и експерти, работат на изнаоѓање на решенија за локалните проблеми, но може да се забележи дека Ромското прашење не е во фокусот на нивната работа како такво иако истото се провлекува низ нивната работа со исклучок на Комисијата за односи меѓу заедниците.

Анализа на проблемите и приоритети

Според приоритетната поставеност на претставниците на работилницата, Ромите во Гостивар се соочуваат со следните пет проблеми со итен приоритет.[4]

1. Легализација на имот и пренос на имотни листи и лична документација
2. Невработеност - фирмите се затвораат затоа што нивниот бизнис пропаднал, невработеноста расте и во овој случај тоа е потешко ги погодува припадниците на малцинските заедници.
3. Образование
4. Културна интеграција
5. Инфраструктура

Според ургентноста на приоритетите на Ромите во Гостивар, легализацијата претставува прв приоритет, потоа невработеноста и квалификуваниот кадар и третиот главен приоритет е образованието, односно веќе квалификуваниот кадар спремен за работа не е соодветно вработен. Освен овие приоритети, Ромите во Гостивар се соочуваат со проблеми со домувањето, вклучувањето на родовите аспекти во главните политики, здравствените и други аспекти.

Анализа и опции за решавање на приоритетните потреби

1. Легализацијата во општина Гостивар е старо нов проблем за кој се вложуваа напори од страна на граѓанскиот сектор во соработка со локалните власти и политичка волја на градоначалникот да се надмине истиот. Специфичноста на овој проблем е што фамилиите коишто живеат во неурбанизираната средина на периферијата од градот често се наоѓаат

[4] Работилница на ИнСоК со претставници од локалните самоуправи при проектот „ROMA ACTION + civic engagement of local community“ Повеќе информации за проектот се достапно на https://goo.gl/VrnHWw

во проблематична ситуација затоа што неможат да го легализираат своето живеалиште затоа што не е регистрирано во деталниот урбанистички план како простор во кој веќе живеат луѓе.

Како опција за овој проблем се предвидува забрзувањето на процесот на обнова на деталниот урбанистички план во кој ќе бидат внесени домовите на загрозените граѓани во градот вклучително и Ромите. Оваа процедура се покажува во пракса дека е долга и често локалната самоуправа нема голем интерес за креирање на нов урбанистички план. Сепак со регулирањето на деталниот урбанистички план ќе се решат постоечките проблеми со имотната документација не само на припадниците на Ромската заедница туку и на сите граѓаниЗа да се обезбеди одржлив и брз процес, овој проблем треба да биде фокус на посебна група или тим во секторот на урбанизам којшто ќе работи со посебен акцент на обнова и регистрирање на проблематичните зони од градот во урбанистичкиот план.

2. Како што веќе беше забележано во дескриптивниот дел, општина Гостивар се справува со генералните трендови од национално ниво. Многу млади одлучуваат да имигрираат во западно Европските земји а со тоа се намалува економскиот потенцијал и работна сила на општината. Веќе постоечките фирми коишто се етаблирале во општината работат без проблеми, но сепак бројот на таквите фирми е ограничен а исто и квалификуваниот кадар е ограничен. Невработеноста кај Ромите често се одразува на социо-економскиот статус на целата заедница а со тоа се предизвикува и дискриминација.

Овој проблем иако е меѓусебно поврзан со многу други аспекти и домени во општеството, игра голема улога во одлуката дали семејства или индивидуалци би заминале од државата или би останале. Двостраноста на проблемот е воочлива, но сепак локалната самоуправа е таа што треба да го даде повисокиот влог кон решавање на невработеноста. Граѓаните секако треба да покажат иницијатива за адаптација и преквалификација во согласност со побарувачката на пазарот на трудот, но од друга страна локалната самоуправа треба да вложи во отварање на нови работни места, односно да се фокусира на привлекување на странски инвестиции кои не само што ќе го намалат проблемот со невработеноста туку и ќе придонесат за економски развој на општната. Отворањето на мали и средни бизниси, со посебен акцент на производните бизниси треба да е исто така во

фокусот на локалната самоуправа која преку мерки на стимулирање (мали кредити, обезбедување опрема, ослободување од одредени даноци на краток или долг рок) може да го размрда бизнис секторот и да го поттикне економскиот раст

3. Образованието, односно квалификуваниот кадар на Роми кој веќе постои во општина Гостивар има тешкотии во интегрирање на пазарот на трудот. Политизираноста на работните места како на национално така и на локално ниво игра голема улога. Со тоа, најчесто неполитизираниот кадар на Роми најмногу страда иако е квалификуван за позиции во јавни установи односно локални институции. Покрај квалификуваниот кадар на Роми, најмногу страдаат и Ромите кои не се квалификувани за тоа што се нуди на пазарот на трудот ниту со образование ниту со пракса со која ќе обезбеди работа.

За целосна интеграција на Ромите на национално а и на локално ниво зависи од колку институциите се отворени за вработување на малцинствата во институциите. Постои голем јаз помеѓу вработените од Македонска и Албанска етничка заедница во споредба со припадниците на Ромската етничка заедница. Општина Гостивар со години нананзад нема назначено референт или сектор кој би работел на приоритетите на заедницата, ниту како дел од администрацијата на општината. Најчесто отворена институција за Ромите е ЈП Комуналец додека пак другите институции како што се полиција, центар за социјални работи, агенција за вработување, градинки, основни и средни училишта остануваат со еден, двајца или во некои институции со ниеден вработен Ром иако веќе постојат квалификувани кадри. Со отварањето и обезбедувањето на вработувања за Роми во овие институции, Ромите ќе имаат чувство за нивно припаѓање и придонес во прогресот на градот. Иако Ромите во Гостивар се 3,8% со веќе квалификуван кадар, тие најмногу се погодени од невработеноста. Само отвореноста на институциите за вработувања и поттикот за основање локален мали или средни бизниси може да го реши проблемот со образованите Роми во општината.

Препораки

• Забрзувањето на процесот со регистрирање односно обнова на детализниот урбанистички план во кој ќе бидат внесени домовите на загрозените граѓани во градот вклучително и Ромите.
• За да се обезбеди одржлив и брз процес, овој проблем треба да биде фокус на посебна група или тим во секторот на урбанизам којшто ќе работи со посебен фокус на обнова и регистрирање на проблематичните зони од градот во урбанистичкиот план.
• Треба да го искористи економскиот потенцијал на општината. Општината треба да привлече странски инвестиции во дизајнирани ТИРЗ-ови, но исто така и да го поттикне основањето на нови локални мали и средни бизниси преку повеќе мерки кои би го олесниле тој процес
• Локалната власт може да понуди обезбедување на опрема, мали кредити, субвенции, ослободување од данок во одреден период, неповратни средства и други иновативни мерки кои би биле стимулација на младите да вложат во општината.
• Со отварањето и обезбедувањето на вработувања за Роми во институциите, Ромите ќе имаат чувство за нивно припаѓање и придонес во прогресот на градот.
• Само отвореноста на институциите за вработувања и поттик за основање локални мали или средни бизниси може да го реши проблемот со образованите Роми во општината.

Библиографија

• Државен Завод за Статистика. Попис на населението. Пристапено на: 11.11.2017. http://www.stat.gov.mk/Publikacii/knigaXIII.pdf

• Општина Гостивар. Пристапено на 11.11.2017. http://www.gostivari.gov.mk/web/index.php/mk/keshilli-i-komunes/keshilltaret

• Хелсиншки Комитет за Човекови Права. Помеѓу имплементација и реалност на Националната стратегија за инклузија на Ромите – Декада на Роми 2005-2015. Пристапено на: 11.11.2017. http://www.mhc.org.mk/system/uploads/redactor_assets/documents/629/Romi_Analiza_Helsinski.pdf

ОПШТИНА БИТОЛА

Вовед

Како и во останатите градови во Република Македонија така и во Битола ромската заедница се среќава со голем број на проблеми во нивниот секојдневен живот. Ромските населби сеуште се соочуваат со недостаток на инфраструктура, без вода, струја и елементарни услови за живот во постојана борба со сиромаштија и дискриминација. Дополнителен проблем во делот на домување е тоа што Ромите коишто живеат во населбата Баир во Битола сеуште не се во можност да ги легализираат своите живеалишта кои се дивоградби бидејќи општината сеуште нема изработено детален урабнистички план за овој дел од градот. Ромската заедница во населбата Баир се соочува и со сегрегација во образовниот процес, имено после подолг период на сегрегација во ОУ "Ѓорѓи Сугарев", Европскиот Центар за Правата на Ромите од Будимпешта покрена постапка пред надлежниот суд во Скопје за овој случај.

ЛИЧНА КАРТА НА ОПШТИНАТА

Битола е град кој се наоѓа во југозападниот дел на Македонија. Познат е под името град на конзулите бидејќи во времето на Отоманската империја во овој град се наоѓале конзуларните претставништва на европските земји. Битола е втор по големина град во Република Македонија според бројот на жители. Според последниот попис на населението кој се одржа во 2002 година во Битола живеат вкупно 95,385 жители од кои 2613 се припадници на ромската заедница.

Анализа на проблемите

Поголем број на ученици Роми во Битола се запишуваат во основното училиште ОУ “Ѓорѓи Сугарев”. Вкупниот број на ученици во ова училиште изнесува 604 од кои 474 се Роми односно во проценти број на ученици Роми изнесува 80%. Како што може да се забележи од табелата од година во година бројот на ученици Роми се зголемува додека пак бројот на ученици не-Роми се намалува. Ова се должи на фактот дека родителите на децата не-Роми ги запишуваат своите деца во други училишта. Според истражувањето[1] на Институтот за Човекови Права од Скопје забележано е исто така дека во учебната 2015/2016 година 8 деца не Роми биле запишани во ова училиште но една година подоцна во учебната 2016/2017 истите биле отпишани со тоа целиот клас е само со ученици Роми.

Број на ученици запишани во прво одделение во “Ѓорѓи Сугарев”	Роми	Останати	Вкупно
2011/12	51	20	71
2012/13	68	12	80
2013/14	59	16	75
2014/15	57	25	82
2015/16	42	8	50
2016/17	31	5	37

Според реонизацијата на општина Битола речиси сите деца од населбата “Баир” која е доминантно населена со ромско население, треба да бидат запишани во ОУ “Ѓорѓи Сугарев” иако на исто растојание се наоѓа и училиштето Тодор Ангелески во кое има само неколку ромски деца запишани да следат настава.

Во спроведеното истражувањето во ОУ “Тодор Ангелески” во Битола запишани се вкупно 952 ученици во учебна 2015/2016 година од кои само 10 ученици се Роми. Етничката композиција во ова училиште покрај

[1] Citizens Association Institute for Human Rights and European Roma Rights Centre, Segregation of Roma children in elementary schools in Republic of Macedonia, 2016.

учениците од македонска националност се: 10 Роми, 10 Турци, 3 Срби, 2 Албанци и 1 Влав.

Број на ученици запишани во прво одделение во "Тодор Ангелески"	Роми	Останати	Вкупно
2011/12	1	94	95
2012/13	4	100	104
2013/14	1	118	119
2014/15	2	118	120
2015/16	1	109	110
2016/17	1	118	119

Според овие податоци евидентно е дека етничката композиција во двете училишта е различна со тоа што во "Ѓорѓи Сугарев" се запишуваат само Роми додека пак во ОУ "Тодор Ангелески" само Македонци. Ваквата композиција го доведува ОУ "Ѓорѓи Сугарев"да се смета за училиште кое ги сегрегира Ромските деца. Исто така во ОУ "Ѓорѓи Сугарев" средната оценка за учебната 2015/2016 година е 3.27 за неромските деца и 2.15 за учениците Роми. Додека пак средната оценка во ОУ "Тодор Ангелески" за учебната 2015/2016 изнесува 4.2 за неромските ученици и 3.9 за децата Роми.

Според интервјуата направени со директорот, вработените дел од наставниците, родителите на децата Роми и општинските власти, скоро сите се согласни дека иако голем дел од неромските деца кои според реонизацијата припаѓаат во ОУ "Ѓорѓи Сугарев" и во ова училиште треба да следат настава истите не ја почитуваат оваа одлука и ги запишуваат своите деца во ОУ "Тодор Ангелески". Дел од интервјуираните сметаат дека ОУ "Ѓорѓи Сугарев" се смета за Ромско училиште и поради таа причина не ги запишуваат неромските деца во ова училиште. За овој проблем информирано е и во Министерството за Образование и Наука меѓутоа од таму наведуваат дека родителите на учениците Македонци не сакаат да ги запишуваат во тоа училиште, но исто така законот им дава можност своите деца да ги запишат во училиште каде што родителите сакаат.

Состојбата со сегрегација во ОУ “Ѓорѓи Сугарев” има негативен импакт кон децата Роми но и не-роми, со тоа што учениците ќе се дружат само со деца од иста етничка заедница и така нема да можат да учат за различностите на повеќето заедници. Поделбата на ученици според етничка припадност исто така ќе ја зголеми поделеноста во општеството но и ќе гради стереотипи и предрасуди кон децата коишто учат во ОУ “Ѓорѓи Сугарев”. Бидејќи ова училиште во општина Битола е препознатливо во “лошо” училиште каде што учат само деца Роми. Ваквата слика ќе ја зголеми взаемната недоверба меѓу Ромите и мнозиството. Од друга страна пак улогата на училиштата не е само да ги образуваат децата туку и да ги социјализираат. Поделбата на училиштата има негативен ефект и кон моралниот и емотивен развој на учениците Роми, кои ќе се под постојан притисок дека тие перфомираат многу послабо за разлика од учениците во другото училиште.

Заклучок

Евидентно е дека во училиштето Ѓорѓи Сугарев станува училиште исклучиво со деца Роми и поради тоа постои перцепција дека истото е претворено во ромско“лошо” училиште. Големата концентрација на деца Роми кои доаѓаат од посиромашни семејства и кои се соочуваат со академски тешкотии имаат тенденција да ги намалуваат очекувањата на наставниците и нивните семејства за нивните образовни можности. Поради ваквите причини можно е дел од наставниците да ги напуштаат своите работни места и сето тоа може да влијае врз квалитетот на наставата. Според изјавите на општинските власти и Министерството за образование може да се заклучи дека истите не вложуваат максимални напори за да дојде до промена на ваквата состојба. Според нивната не-реакција тие дозволуваат формирање на вакви училишта се со цел да избегнат евентуални конфликти со родителите кои не сакаат да нивните деца да учат со деца од ранливи групи. Недостатокот на мерки коишто надлежните институции треба да ги превземат допринесува кон целосна концентрација на ромските деца во ОУ “Ѓорѓи Сугарев” и понизок квалитет на образование

Препораки

1. Измена на законот за заштита од дискриминација. Законот за заштита од дискриминација треба да се измени со додавање на ставови во кои сегрегацијата ќе се третира како форма на дискриминација.
2. Измена на одлуките за реонизација. Според праксата од имплементацијата може да се утврди дека постои различна интерпретација на истиот и поради таквото интерпретирање надлежните институции не можат да им наложат на родителите да ги запишуваат своите деца во училиштата каде што реонски припаѓаат.
3. Рамномерно распоредување на учениците. Општината и училиштата да водат сметка за бројот на деца од различни етнички заедници при запишување во одредено училиште или паралелка. Истите треба соодветно и рамномерно да ги распределат овие деца со ученици од други етнички заедници, се со цел да не се формираат паралелки со една етничка заедница.
4. Потребни се истражувања за ефектите од сегрегација врз децата и целокупното општество. Во Република Македонија постојат неколку училишта кои имаат сегрегирани паралелки, за жал сеуште нема темелни истражувања за ефектите и последиците од сегрегацијата. Поради ваквите причини државата треба активно да се вклучи во кампања против сегрегација во училиштата.

Библиографија

· Државен Завод за Статистика, “Статистички Годишник на Р.Македонија- Население 2013, Т-03.01.7: Попис 2012 Вкупно Население во Р.Македонија според припадноста на етничка заедница по општини”

· Citizens Association Institute for Human Rights and European Roma Rights Centre, Segregation of Roma children in elementary schools in Republic of Macedonia, 2016

· Радио Слободна Европа Ромите бараат десегрегација на основното образование во Битола, Мај 2017

· СПАСОВСКИ, Огнен Сегрегација на Ромите во образованието во Република Македонија?!? извештај од испитување на јавно мислење кај Ромите / [автор Огнен Спасовски]. - Скопје : Фондација отворено општество - Македонија, 2015

· Телма ТВ, Битолските Роми бараат подобри услови за живот, Мај 2017

ОПШТИНА ПРИЛЕП

Вовед

Општина Прилеп веќе неколку години наназад го санира проблемот со водоснабдувањето. Иако општина Прилеп има многу да понуди како економски така и туристички, сепак градот сеуште се справува со неасфалтирани улици и проблеми со осветлување. Генерално гледано најголем проблем во општината е слабата инфраструктура.

Како што е веќе процентуално напоменето, оваа општина има вкупно околу 4,433 граѓани Роми, што ја прави втора општина по населеност на Роми во Република Македонија покрај општината Шуто Оризари[1]. Оваа бројка на население од Роми претставува голем потенцијал генерално за општината. Ромите во општина Прилеп активно учествуваат во општествените текови на локално ниво. Прилеп исто така има повеќе Ромски граѓански организации кои се во постојан контакт со заедницата и се посветени за подобрување на квалитетот на животот на Ромите во општината.

ЛИЧНА КАРТА НА ОПШТИНАТА

Општина Прилеп се наоѓа на јужниот дел на Република Македонија, која зафаќа простор од околу 1194,44 километри квадратни. Прилеп претставува политички, административен, бизнис и културен центар за 70,878 граѓани во која 68,331 граѓани живеат во градот Прилеп, додека пак останатите се населени во околните села кои спаѓаат во рамките на општина Прилеп . Оваа општина исто така претставува дом на неколку етнички заедници меѓу кои живеат Македонци со околу 93,2%, Роми 6%, Турци околу 0,2%, Срби 0,2% и останати со околу 0,3%.

[1] Државен Завод за Статистика. Попис на населението. Пристапено на: 11.11.2017. http://www.stat.gov.mk/Publikacii/knigaXIII.pdf

Во општината има мал број други Роми кои се вработени во локалните институции. Образованието не е на високо ниво и се забележува како еден од главните проблеми на Ромите во оваа општина. Сегрегираните паралелки сеуште претставуваат еден од најсериозните предизвици во образованието на локално ниво. Ромите во Прилеп живеат во урбана средина. Состојбата кај домувањето на Ромите во Прилеп исто така претставува голем предизвик поради тоа што живеалиштата не се регистрирани во рамките на деталните урбанистички планови на општината. Сепак се предвидува ревидиран план за домување во кој ги вклучува и Ромите. Состојбата со здравството на Ромите во општина Прилеп е сериозен проблем затоа што Ромите во населбите немаат пристап до здравствени услуги иако проектот за здравствени медијатори ја покрива општина Прилеп.[2]

Според достапните податоци за општина Прилеп може да се забележи дека општината има усвоено локални акциони планови за Ромите во периодот 2017 – 2020. Иако проблемите на Ромите се меѓусебно поврзани како во повеќето општини во територијата на Република Македонија, најургентниот фокус се насочува кон легализацијата на домовите во населбата 'Тризла', здравството и пристап до здравствените услуги и инфраструктура односно елементарните услови за живот во населбите каде што се населени Ромите.[3] Граѓанските организации веќе одамна реагираат за поголема ангажираност на локалната самоуправа за решавање на проблемите со кои се соочуваат Ромите. Во контекстот на оваа општина и покрај донесените акциони планови за Ромите, тие немаат буџети за реализација. Истото беше забележано како препорака од страна на граѓанските организации за продолжување на иницијативата за поддршка на Ромите 2020 а воедно и препораки поврзани со здравствените услуги, инфраструктурните потреби

[2] Министерство за здравство. Пристапено на: 11.11.2017: http://zdravstvo.gov.mk/category/proekti/romski-zdravstveni-medijatori/

[3] Рома С.О.С. Пристапено на: 11.11. 2017. http://romasosprilep.org/domuvanjeto-na-romite-vo-prilep/

како што се осветлување, канализација и други потреби.[4] Важно да се напомене дека во рамки на општината постои скриена структурна дискриминација која граѓаните Роми најчесто ја пријавуваат во локалните граѓански организации. Генерално, општина Прилеп се труди да ги намали проблемите на сите граѓани вклучително и проблемите на Ромите во општината. Покрај донесените локални планови органите на општината се повеќе фокусирани во насока на решавање на суштинските проблеми со кои се соочува општината во целост без посебен акцент на потребите на Ромите.. Согласно статутот на Општината формирани се девет комисии чија работа и ингеренции се детално опишани во истиот: [5] :

- Комисија за финансирање, буџет и локален економски развој
- Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина
- Комисија за општествени дејности и правата на децата
- Комисија за Статут и прописи
- Комисија за одбележување на значајни настани, личности и празници
- Комисија за елементарни непогоди
- Комисија за месна самоуправа
- Комисија за родова еднаквост
- Комисија за мандатни прашања, избори и именување

Според условите за работење, комисиите имаат различен опфат на работа и учесници во овие комисии. Советниците учествуваат во овие комисии заедно со експерти на локално ниво кои се консултираат за изнаоѓање на решенија за проблемите на граѓаните.

[4] Граѓанска Асоцијација МОСТ. Извештај од јавната средба на пратениците со граѓаните од ИЕ4
одржана во Прилеп. Пристапено на: 11.11.2017. http://most.org.mk/images/MOST/MP-Izvestaj-Prilep-MKD.pdf
[5] Општина Прилеп. Пристапено на: 11.11.2017.
http://www.prilep.gov.mk/informacii/mk/rabotni-tela-na-sovetot-na-opshtina-prilep-1/

Анализа на проблемите и приоритети

Според приоритетната поставеност на претставниците од општина Прилеп, на работилницата [6] , ги приоретизираа следните пет (5) најургентни проблеми на Ромската заедница: Образование, Домување, Лична документација, Вработување, Здравството.

Според ургентноста на потребите на Ромите во општина Прилеп, образованието е прв приоритет, потоа домувањето и третиот главен приоритет во општина Прилеп е лична документација. Освен овие приоритети, Ромите во Прилеп се соочуваат со проблеми во вработувањето со забелешка дека многу мал е бројот на вработени Роми во локалните институции. Здравството исто се јавува како проблем поради тоа што свеста и информираноста за услугите е многу ниска. .

Анализа и опции за решавање на приоритетните потреби

1. ОбразованиетАо на Ромите од општина Прилеп претставува проблем затоа што има значително мал број на деца Роми кои се вклучени во предучилишно и основно образование. Ромите ученици сеуште се справуваат со сегрегирани паралелки. Иако општина Прилеп е една од општините со најголем број Роми, без соодветно образование на овие лица тие ќе останат зависи од социјална помош и без можност за напредување. Образованието кај Ромите во оваа општина често се поврзува и со дискриминацијата врз целокупната заедница.

За решавање на овој проблем прв најпотребен чекор како опција е да се испита осипот, да се разгледаат причините и да се реинтегрираат учениците Роми во предучилишно и основно образование. Основното и средното образование се задолжителни по закон, а со тоа родителите се обврзани да

[6] Работилница на ИнСоК со претставници од локалните самоуправи при проектот „ROMA ACTION + civic engagement of local community“ Повеќе информации за проектот се достапно на https://goo.gl/VrnHWw

ги запишат своите деца во училиште.. Од друга страна пак образовните институции заедно со помош на локалните власти треба да посветат внимание на овие деца со мобилен тим којшто ќе ги посети Ромските населби и ќе ги мотивира да продолжат со своето образование. Покрај ова, сегрегацијата во образованието претставува сериозна закана и причина зошто учениците Роми не го продолжуваат своето образование. За решавање на овој проблем потребно е локалните образовни институции во соработка со граѓанските организации да ја осудат таа пракса и да гарантираат дека во иднина не би било дозволено да постојат сегрегирани паралелки. Локалните власти мора да ја разберат сензитивноста на сегрегацијата која што може да остави долготрајни последици за учениците Роми.

2. Како што веќе беше забележано во дескриптивниот дел, општина Прилеп се справува со доста проблеми кои спречуваат водење на нормален живот. Домувањето како еден од најголемите проблеми на Ромите во Прилеп, претставува спрега на граѓаните да обезбедат нормални услови за живеење. Општината сеуште има проблеми со снабдување на вода, канализациски систем, одвод и довод, струја, фекална и атмосферска канализација и уште една долга листа на потреби на Ромите коишто живеат во ’Тризла’.

Легализацијата во општина Прилеп е стар проблем за кој веќе се интервенираше од страна на граѓанскиот сектор во соработка со локалните власти и политичка волја на градоначалникот да се вложат напори да го решат проблемот. Тоа што е посебно за овој проблем е што семејствата живеат во неурбанизирана средина и неможат да го легализираат своето живеалиште затоа што не е регистриран во деталниот урбанистички план како простор во кој веќе живеат луѓе. Како решение за овој проблем се предвидува забрзувањето на веќе започнатиот процес за обнова на деталниот урбанистички план во кој ќе бидат внесени домовите на загрозените граѓани во градот вклучително и Ромите. Оваа процедура се покажува во пракса дека

е долга и често локалната самоуправа нема голем интерес за креирање на нов урбанистички план. Сепак во доброто на сите граѓани, урбанистичкиот план треба да се обнови со цел да не се појават нови дополнителни проблеми а воедно да се решат веќе постоечките проблеми. За да се обезбеди одржлив и брз процес, овој проблем треба да биде фокус на посебна група или тим во секторот на урбанизам којшто ќе работи со посебен акцент на обнова и регистрирање на проблематичните зони од градот во урбанистичкиот план.

3. Што се однесува до проблемот поврзан со личната документација кај Ромите, тоа претставува проблем којшто постои на национално ниво. Во општина Прилеп има ниска е свеста помеѓу граѓаните Роми за поврзаноста на многу други проблеми со личната документација. Иако се очекува овој проблем да се реши на централно ниво, постојат веќе неколку генерации на Роми коишто живеат без никакви документи а со тоа се надвор од здравствените услуги, образовниот систем, невработени се и серија други проблеми. Иако веќе се очекува координиран пристап за решавање на овој проблем на национално ниво, министерствата заедно со граѓанските организации разгледуваа можни решенија за интеграција на Ромите без документација. Како привремено решение на овој проблем е издавање на привремени лични карти и останати документи за да можат граѓаните да ги користат услугите на државата додека министерствата не најдат перманентно решение за овој проблем. За да се реши овој проблем како опција се наведува промена на законските решенија со кои ќе обезбедат документи за овие луѓе. Штом овие одлуки се усвојат, најпрво треба општината да ги разгледа можностите итно да ги вклучи механизмите на локално ниво за регистрирање на лицата без документација. Секако ова решение не зависи само од процесот на локално ниво. Локално најважно од се е политичката волја за решавање на ова прашање и отвореноста на институциите за и поттик за соработка со граѓанскиот сектор за побрзо и поефективно решавање на проблемот.

Препораки

• Образовните институции заедно со помош на локалните власти да посвети внимание со мобилен тим којшто ќе ги посети Ромските населби и ќе ги мотивира децата да продолжат со своето образование.
• Локалните образовни институции во соработка со граѓанските организации да ја осудат таа пракса на сегрегација и да гарантираат дека во иднина не би било дозволено да постојат сегрегирани паралелки
• Забрзување на веќе започнатиот процес за обнова на деталниот урбанистички план во кој ќе бидат внесени домовите на загрозените граѓани во градот вклучително и Ромите.
• За да се обезбеди одржлив и брз процес, овој проблем треба да биде фокус на посебна група или тим во секторот на урбанизам којшто ќе работи со посебен акцентна обнова и регистрирање на проблематичните зони од градот во урбанистичкиот план.
• Треба општината да ги разгледа можностите итно да ги вклучи механизмите на локално ниво за регистрирање на лицата без документација
• Отвореност на институциите за и поттик за соработка со граѓанскиот сектор за побрзо и поефективно решавање на проблемите

Библиографија

• Општина Прилеп. Пристапено на: 11.11.2017. https://goo.gl/tgLjsx

• Државен Завод за Статистика. Попис на населението. Пристапено на: 11.11.2017. https://goo.gl/m42AGn

• Општина Прилеп. Пристапено на: 11.11.2017. https://goo.gl/BJYAQc

• Министерство за здравство. Пристапено на: 11.11.2017: https://goo.gl/7MSK1v

• Рома С.О.С. Пристапено на: 11.11.2017. https://goo.gl/oSrfmf

• Граѓанска Асоцијација МОСТ. Извештај од јавната средба на пратениците со граѓаните од ИЕ4 одржана во Прилеп. Пристапено на: 11.11.2017. https://goo.gl/o74dNm

ОПШТИНА ШТИП

Вовед

Вклучувањето на Ромите на локално ниво претставува вистински предизвик на локалната самоуправа, пред се поради неподготвеноста на институциите на локално ниво да одговорат на проблемите и предизвиците со кои Ромската заедница се соочува. Иако речиси во сите општини со значително ромско население се изготвија Локални Акциони Планови и се потпишаа Меморандуми за Соработка со Општините, ***конкретните акции и резултати на локално ниво за Ромското население се уште се далеку од оние кои се посакувани.***

ЛИЧНА КАРТА НА ОПШТИНАТА

Површина: 556 км2. Население: 47.798 жители, Роми: 2,195 (1039 жени и 1156 мажи) 80% од Ромите живеат во 2 населби "Черења" и "Цар Самоил", поранешните „Радански Пат" и "Косовска", а околу 20 % живеат во другите делови од градот.
Еден претставник во Советот во Општината. Двајца вработени во локалната самоуправа, 240 Невработени Роми, 122 Жени
Универзитет во Штип ги ослободува Ромските студенти од партиципација за упис на факултет
200 Домови се легализирани
Асфалтирање на ул Радански Пат, ул Косовска.

Целта на овој документ за јавни политики е да ги идентификува приоритетните проблеми со кои се соочува Ромската заедница на локално ниво и даде низа препораки за надминување на истите со цел вклучување на Ромите на локално ниво.

Општина Штип има усвоено документи кои се однесуваат на потребите и проблемите на Ромите, а еден од позначајните е Локалниот акционен план (ЛАП) за имплементација на Декадата на Ромите во Штип. Покрај тоа што локалната самоуправа на Општина Штип во своето досегашно работење

преземала низа мерки за подобрување на условите за домување и урбан развој на т.н. ромски маала овие напори се недоволни. Главните промени во областа на домувањето се направени во дел на инфраструктурните решенија – асфалтирање на улици, обезбедување на канализација, водовод и улично осветлување, како и за подобрување на условите во основното училиште во населбата.

Според локалните НВО и претставници на локалната самоуправа [1] ***домувањето и понатаму претставуваа еден од најгорливите проблеми со кои се соочува Ромската Заедница.*** Оттука особено е загрижувачка состојбата со бездомништвото на околу 50 семејства како и вклучувањето на ромското маало Св. Недела во ДУП каде што бројни ромски семејства не се приклучени во мрежите на електрична енергија, водовод и канализација. Општината и Министерството за Транспорт иако ветија изградба на социјални станови, Ромските семејства сеуште живеат во супстандардни услови. Вработувањето е втор проблем по важност кој се јавува кај ромската заедница. Иако релативната бројка е мала (поради малиот број на Роми кои се евидентираат во агенцијата за вработување), сепак е двапати поголема во однос на останатите заедници.

[1] Работилница на ИнСоК со претставници од локалните самоуправи при проектот „ROMA ACTION + civic engagement of local community“ Повеќе информации за проектот се достапно на https://goo.gl/VrnHWw

Анализа на проблемите

Домување

Општина Штип е шеста по ред на национално ниво по бројот на ромско население, каде што Ромите сочинуваат 4.1% од вкупното население. Околу 80% ромските семејства живеат на улиците „Радански Пат“, „Косовска“, „Сутјеска“, „Дузлачки Рид“ и „Широк Дол“, во непланско изградени објекти, со непрописна инфраструктура, со нерешени пристапи, отворени атмосферски канали, несоодветна водоводна и канализациона мрежа, неквалитетно енергетско напојување, недоволен број на телефонски приклучоци и непокриеност со улично осветлување[2].

Легализацијата на бесправно изградените објекти е едно од клучните прашања за домувањето на Ромите. Во рамките на проектот „Легализација на домувањето кај Ромите“, спроведуван од „Хабитат Македонија“, околу 170 семејства од Штип добиле одобрени за заем за легализација на домот. Според укажувања на Хабитат околу 500 други семејства чекаат на дооформување на документацијата, а во продолжениот рок биле доставени уште 100 нови барања за легализирање од стана на Роми. Друг проблем во однос на домувањето е тоа што во одредени улици, “изникнуваат“ се повеќе нови живеалишта кои што ја отежнуваат проодноста и легализацијата на истите поради пренатрупаност на објекти. Голем дел од споредните улици се неасфалтирани, а електричната енергија во некои делови од населбата е со послаб напон, а постои потреба од поправки на водоводната и канализационата мрежа.

Вработување

Вработувањето на Ромите и понатаму претставува клучен проблем и покрај фактот што само 240 официјално невработени Роми се

[2] Хабитат Македонија, Почетна студија за домување на Ромите во Штип, 2017

евидентирани во општина Штип[3]. Според податоци на АВРМ во Штип во 2016, 56 невработени Роми аплицирале на некоја од мерките за вработување, од кои договори се склучени со 37 лица од Ромска националност.

Во споредба со останатите заедници Ромите се соочуваат со двапати повисока стапка на невработеност, и пред се тоа се должи на нискиот степен на образование, недоволниот број на достапни работни места, неусогласеност меѓу потребите на работодавачите и квалификациите на работната сила, немање на работно искуство. Втор проблем кој се јавува во сферата на вработувањето е фактот што лицата од ромска националност најчесто се ангажираат за вршење на работи кои се ниски платени (чистење на куќи, физички работници, сезонски работници) што е резултат на образовниот профил на заедницата.

Сепак, дополнителен проблем кој се јавува е постоењето на предрасуди на работодавците, особено на текстилните, за одговорноста во извршувањето на работните задачи и поради тоа работодавачите не преферираат да потпишат договори за работен ангажман.

[3] Агенција за Вработување, Преглед на невработени лица според национална припадност

Препораки

Од анализата може да се заклучи дека и покрај тоа што општината секоја година одвојува одделен буџет за Ромите и спроведува инфраструктурни проекти, произлегува дека треба да постави приоритет за решавање на прашањето на домување – особено за изнаоѓање на долгорочни решенија и вклучување во ДУП.

Во доменот на вработување, имајќи предвид дека општина Штип е развиена општина каде што цути текстилната индустрија, постои голема можност за решавање на проблемот на вработување на Ромите Од досега научените лекции, за решавање на комплексните прашања со кои Ромите се соочуваат, потребен е интердисциплинарен и интегративен пристап кој подразбира комбинација на мерки од социјална заштита, образование, вработување и домување. Препораките во овој дел ќе бидат насочени кон сите засегнати страни кои придонесуваат и работат за развој на Ромската заедница и социо-економско вклучување на Ромите во општеството.

Препораки за домување:

*1. Интегриран сет за **домување*** кој подразбира – Изградба на социјални станови за Ромите, вклучување на децата во предучилишно образование, вклучување во активните мерки за вработување, следење на редовноста во образование и бесплатна примарна здравствена заштита. На ромските семејства коишто се сместени во нервното одделение да им се доделат социјални станови/ субвенционира сместување под кирија со цел нивно вклучување во општество и пружање на сет на јавни услуги со посебен акцент на вработување.

2. Кредитни Шеми за Микрофинансирање со поволни услови за реновирање/ реконструкција на живеалиштата. Целта на ваквите кредитни шеми е да овозможи поправка на покривите на семејствата кои живеат во куќи се со цел, истите може да издржат *поставување на соларни панели*. Една од целите на општината е изработка на проекти за енергетска ефикасност, притоа поставувањето на соларни панели во домаќинствата значително ќе ја намали енергетската сиромаштија, позитивно ќе се одрази врз животната средина и ќе ги намали трошоците за греење на домаќинството. Оваа мерка е насочена за Ромските семејства кои што имаат домови, меѓутоа нивната градба е слаба и условите за живеење се тешки без соодветна изолација, немање на тоалет, слаб покрив и сл.

3. Адаптација на ромските населби за вклучување во проектот за гасификација на општината. Една од најавуваните мерки е гасификација на општината, при што тука треба да се има предвид дека поради лошата

инфраструктура во ромските населби, пренатрупаноста и не-вклученоста во ДУП може да се случи гасификационата мрежа да ги заобиколи ромските населби. Оттука, препорака до општината е пред да почне со проектот да направи адаптација и за физибилити студија за воспоставување на гасификационата мрежа во ромските населби.

4. Вклучување на Ромските населби од областа Черења во постоечките ДУП – промена на плановите и просторно планирање во населбата со цел спречување на непланското ширење на населбата.

5. Реконструкција на патната инфраструктура и поставување на улично осветлување кај Ромските населби.

Препораки за вработување:

1.Евиденција на сите невработени Роми според одредени демографски карактеристики (пол, образование, брачен статус и сл.) со цел да се има ажурирана база која што ќе ја отсликува реалната состојба на невработеноста на Ромската заедница за да се креираат индивидуални решенија и планови за вработување.

2. Зголемување на вештините на Ромите и дообразување на оние кои немаат средно образование. Имајќи во предвид дека во Штип има и работнички универзитети, општината во соработка со подрачната единица на министерството за труд и социјална политика треба да воведат и субвенционирање на до-образувањето со цел да се зголеми конкурентноста на пазарот на трудот како и поголема искористеност на достапните активни мерки за вработување.

3.Воспоставување на дијалог со работодавците за обука и вработување на жени Ромки во текстилниот сектор имајќи во предвид дека такви можности се достапни со оглед на економскиот профил на општината. Оттука, општината треба да стимулира соработка со текстилната индустрија за надминување на постоечките предрасуди.

4.Регулирање на сезонската работа, со воспоставување на тарифник на цени на услуги и привремени договори за вработување со цел работната сила на Ромите да не се користува и помалку плаќа во споредба со останатите.

5. Поттикнување на претприемништвото и доделување на државно земјиште за развој на земјоделството, кое ќе се одвива преку обука и обезбедување на минимални ресурси за одгледување на одредени градинарски култури. Овие мерки треба да се одвиваат во партнерство со НВО.

Библиографија

1. Преглед на невработени лица според етничка припадност, АВРМ 2017
2. Извештај од јавната средба на претеници со граѓани, МОСТ 2015
3. Почетна студија за домувањето на Ромите во Штип, Хабитат и Рома СОС 2016

ОПШТИНА КУМАНОВО

Вовед

Како во сите општини така и во Куманово постојат многу фактори кои влијаат на структурата на населението. Овие податоци се базираат на пописот на населението од 2002 година. Куманово претставува еден од крстопатите во државата којшто е поврзан со источниот дел на државата а воедно и со Република Србија на север. Општина Куманово генерално се соочува со слични проблеми како многу од останатите големи општини во Република Македонија. Како што е веќе напоменето, во Куманово живеат вкупно околу 4,256 граѓани Роми, што ја прави оваа општина една од најнаселените општини со Роми во државата покрај општината Шуто Оризари . Оваа бројка претставува голем потенцијал за општината генерално. Куманово е една од општините кадешто има консекутивно обезбедува барем еден советник Ром во Советот на општината. Во последниот мандат, според резултатите, во Советот на општината има двајца советници Роми.[1] Со овој факт се укажува дека Ромите во општина Куманово активно учествуваат во општествените текови на локално

ЛИЧНА КАРТА НА ОПШТИНАТА

Општина Куманово се наоѓа во североисточниот дел на Република Македонија. Оваа општина покрива површина од 509,48 километри квадратни. Општина Куманово, покрај град Скопје е една од најголемите општини во државата. Оваа општина брои околу 103,205 граѓани во која околу 76,272 живеат во градот додека останатите 26,993 живеат во околните села. Оваа општина ја сочинуваат повеќе етнички заедници. Во Куманово живеат околу 60,2% граѓани од македонска етничка припадност, 26,5% граѓани од албанска етничка припадност, 8,5% Срби, 4,2% Роми, 0,3% граѓани од турска етничка припадност, 0,2% Власи и 0,1% останати .

[1] Општина Куманово. Пристапено на: 11.11.2017. http://kumanovo.gov.mk/lista-na-sovetnici/

ниво. Покрај овој капацитет, Куманово исто така има повеќе Ромски граѓански организации кои се во постојан контакт со заедницата и се посветени за подобрување на квалитетот на животот на Ромите во општината.

Покрај овие резултати и фактот дека општина Куманово е една од понаселените општини со Роми во државата, Куманово нема референт Ром. Од друга страна, ромскиот јазик е во службена употреба на седниците на Советот на општина Куманово.[2] Образованието е не е на високо ниво во споредба со останатите заедници во општината. Како еден од најглавните проблеми во Куманово посочен од страна на граѓанските организации и советници е вработувањето. Нема ниту еден Ром вработен во локалната самоуправа ниту во администрацијата, иако веќе има дипломирани и квалификувани Роми. Сите други заедници се застапени во локалните институциите.[3] Ромите во Куманово живеат во урбана средина. Состојбата на домување на Ромите во Куманово исто така претставува голем предизвик поради тоа што сеуште постојат населби кои се населени со Роми а се со субстандардни услови за живот. Се забележува мал прогрес во легализацијата на живеалиштата, но сепак предизвикот останувазатоа што ромските населби не се вклучени во деталните урбанистички планови. Ситуацијата со здравството на Ромите во општина Куманово е сериозен проблем затоа што Ромите во населбите немаат пристап до здравствени услуги. Проектот за здравствени медијатори не ја покрива општина Куманово[4]. Покрај наведените проблеми постојат дополнителни проблеми кои го отежнуваат животот на Ромите во општината. Во контекстот на проблемите се додаваат и дискриминацијата и лицата без лична документација. Во општината сеуште постои скриена структурна дискриминација која често граѓаните ја пријавуваат во локалните граѓански организации.

Според достапните податоци за општина Куманово може да се забележи дека општината нема усвоено локални акциони планови за Ромите во периодот 2017 – 2020. Иако проблемите на Ромите се меѓусебно поврзани како во повеќето општини во територијата на Република Македонија,

[2] А1он. Пристапено на: 11.11.2017. http://a1on.mk/archives/725428

[3] Кумановски Муабети. Пристапено на: 11.11.2017. http://kumanovskimuabeti.mk/vo-opshtina-kumanovo-nema-mesto-za-nitu-eden-od-13-diplomirani-romi/

[4] Министерство за здравство. Пристапено на: 11.11.2017: http://zdravstvo.gov.mk/category/proekti/romski-zdravstveni-medijatori/

најургентниот фокус се насочува кон легализацијата на домовите во населбата 'Средорек', зголемување на нивото на образовани Роми, здравство и пристап до здравствените услуги и инфраструктура односно елементарни услови за живот во населбите каде што се населени Ромите. Граѓанските организации веќе одамна реагираат и бараат поголема ангажираност на локалната самоуправа за решавање на проблемите со кои се соочуваат Ромите., Во буџетот на општината, за Ромите не се предвидени посебни буџетски линии за реализација односно за подобрување на квалитетот на нивниот живот

Генерално, општина Куманово се труди да ги намали проблемите на сите граѓани вклучително и проблемите на Ромите во општината. Органите на општината често се фокусирани на генералните проблеми на општината без директен фокус или план за потребите на Ромите. Советот како главен орган на општината е поделен во постојани комисии кои се креирани според потребите на општината. Овие комисии се креирани според статутот на општината и нивната работа и ингеренции се детално опишани во истиот. Според статутот постојат 13 комисии [5] за различни сфери од општествениот живот на жителите во општината и тоа:

• Комисија за мандатни прашања, избори и именувања
• Комисија за финансирање и Буџет
• Комисија за локален економски развој
• Комисија за урбанизам
• Комисија за комунални дејности
• Комисија за заштита на животната средина и природата
• Комисија за образование, култура и спорт
• Комисија за социјална, детска и здравствена заштита
• Комисија за статут и прописи
• Комисија за месна самоуправа
• Комисија за одбележување на празници и манифестации и доделување на награди и признанија
• Комисија за еднакви можности помеѓу мажите и жените
• Комисија за безбедност, безбедност во сообраќајот и противпожарна заштита

[5] Општина Куманово. Пристапено на: 11.11.2017. http://kumanovo.gov.mk/komisii-na-sovet/

Според условите за работење, комисиите имаат различен опфат на работа и учесници во овие комисии. Советниците учествуваат во овие комисии заедно со експерти на локално ниво кои се консултираат за изнаоѓање на решенија за проблемите на граѓаните.

Анализа на проблемите и приоритети

Според приоритетната поставеност на претставниците на работилницата[6], општина Куманово ги приоретизира следните пет (5) најургентни проблеми на Ромската заедница: Образование, Невработеност, Имиграција, Инфраструктура, Здравството

Според ургентноста на потребите на Ромите во општина Куманово, образованието претставува главен приоритет, потоа следи состојбата со вработувањето и третиот главен приоритет во општина Куманово е имиграцијата. Освен овие приоритети, Ромите во Куманово се соочуваат со проблеми во инфраструктурата со забелешка дека сеуште постојат случаеви на Роми кои живеат во субстандардни услови за живот и здравство односно информираноста за услугите е многу ниска.

Анализа и опции за решавање на приоритетните потреби

1. Како што веќе беше забележано во дескриптивниот дел, образованието е главен проблем на Ромите од општина Куманово. Во рамки на општината има образовни програми како што е туторство на ученици Роми за мотивација и помош во образовниот процес, но и покрај тоа бројот на образовани Роми останува мал.

Образованието како главен проблем на општина Куманово е проблем кој е меѓусебно поврзан со многу други проблеми на Ромите. Како решение на овој проблем прв најпотребен чекор како опција е да се анализира ситуацијата и да се испита осипот, да се разгледаат причините и да се реинтегрираат учениците Роми во основно образование и средно образование. Двата процеси на образование се задолжителни со закон, а со тоа, родителите се обврзани да ги пријават во образовниот систем. Од друга страна образовните институции заедно со помош на локалните власти и

[6] Работилница на ИнСоК со претставници од локалните самоуправи при проектот „ROMA ACTION + civic engagement of local community“ Повеќе информации за проектот се достапно на https://goo.gl/VrnHWw

граѓанскиот сектор да посвети внимание со мобилен тим којшто ќе ги посети Ромските населби и ќе ги мотивира децата да продолжат со своето образование. Исто така како опција за решавање на овој проблем потребно е локалните образовни институции да ја разберат сензитивноста и потребата за унапредување на образованието на Ромите во општината. Образованието кај Ромите во оваа општина често се поврзува и со дискриминацијата врз целокупната заедница.

2. Невработеноста во Куманово претставува генерален тренд од национално ниво. Како решение за овој проблем младите често одбираат да мигрираат во западно Европските земји. Невработеноста кај Ромите во оваа општина често се поврзува и со дискриминацијата врз целокупната заедница. Со оглед на големиот број на Роми кои живеат во оваа општина, високиот процент на нивната невработеност придонесува истите да зависат од социјална помош. Во ваквиот контекст, Ромите се во ситуација да одлучат дали би останале во Куманово и и би се бореле за вработување, или би заминале од државата со надеж дека со вештините кои веќе ги поседуваат ќе обезбедат економска стабилност во друга Европска земја. За решавање но сепак општината треба да се потруди да ја искористи стратешката геоположба за унапредување економскиот развиток. Од една страна Ромите треба да се адаптираат и преквалификуваат според потребите на пазарот на трудот. Од друга страна локалната самоуправа треба да ја искористи географската положба и да ги унапреди економските односи со соседна Република Србија. Општината треба да привлече странски инвестиции во дизајнирани ТИРЗ-ови, но исто така и да го поттикне отварањето на нови локални мали и средни бизниси преку повеќе мерки кои би го олесниле процесот на нивно отварање. Постојат повеќе мерки кои би биле од голема корист и олеснување доколку локалната власт одлучи да го искористи максимумот од општината. Меѓу повеќето од опциите локалната власт може да понуди обезбедување на опрема, мали кредити, субвенции, ослободување од данок во одреден период, неповратни средства и други иновативни мерки кои би биле стимулација на младите да основаат свој бизнис.

3. По визната либерализација на Република Македонија кон државите на ЕУ, имиграцијата, полека но сигурно стануваше тренд меѓу Ромите за посакувана дестинација за туристичка, економска, образовна и друга причина за патување. Но покрај овие причини се зголеми и бројот на Роми

кои патуваа со цел да останат во Европските земји како азиланти или привремени работници. Ваквото мигрирање гарантира поголема економска стабилност на Ромите а со тоа Куманово ја менува демографската структура, и работната сила на општината. Напорите на Ромите за вработување во општината се повеќе се намалуваат затоа што се повеќе се осврнуваат кон на привремени решенија како што е барањето на азил.

Со оглед на тоа што образованието на Ромите во оваа општина е ниско, голема е веројатноста е дека вработливоста на овие луѓе е мала. Ако веќе немаат можности за регуларно вработување, некои се одлучуваат за работа во сивата економија која нуди мала економска стабилност. Во случај ако оваа можност не успее како решение Ромите кои немаат високо образование одлучуваат да имигрираат во Европските држави со цел да обезбедат економски бенефит. Иако нивниот опсег на вештини е ограничен, тие успеваат да најдат работа која би им обезбедила некаков приход којшто секако би бил поголем од приходот во Македонија за истата работа. Ваквото однесување односно ваквиот начин на решавање на проблемот со невработеноста е веќе познат за Македонските институции на национално и локално ниво. Овој проблем веќе 4 години е алармиран од страна на Европската Комисија и нудат начини за решавање на овој проблем. Сепак како опција за решавање на овој проблем е обезбедување на поквалитетни услови за живот преку можности за унапредување на вработливоста, обезбедување можности за вработување, подобри услови во искористувањето на здравствените услуги, инфраструктурно обезбедување на осветлување, асфалт, водовод, канализација и сите останати аспекти кои ќе ги натераат генерално гледано граѓаните да останат да вложат и да живеат во Куманово. Општината мора да обезбеди отвореност кон Ромите и да обезбеди повеќе работни места за нив со оглед на бројот на Роми кои живеат во општината.

Препораки

• Да се анализира ситуацијата и да се испита осипот, да се разгледаат причините и да се реинтегрираат учениците Роми во основно образование и средно образование.

• Образовните институции заедно со помош на локалните власти и граѓанскиот сектор да посвети внимание со мобилен тим којшто ќе ги

посети Ромските населби и ќе ги мотивира децата да продолжат со своето образование

• Треба да се искористи географската положба и да ги унапреди економските односи со соседна Република Србија. Општината треба да привлече странски инвестиции во дизајнирани ТИРЗ-ови, но исто така и да ги поттикне локалните мали и средни бизниси со повеќе мерки кои би го олесниле процесот на отварање нов бизнис

• Обезбедување на опрема, мали кредити, субвенции, ослободување од данок во одреден период, неповратни средства и други иновативни мерки кои би биле стимулација на младите да вложат во општината.

• Обезбедување на поквалитетни услови за живот преку можности за унапредување на вработливоста, обезбедување можности за вработување, подобри услови во искористувањето на здравствените услуги, инфраструктурно обезбедување на осветлување, асфалт, водовод, канализација

• Отвореност кон Ромите во градот и да обезбедат повеќе работни места за Ромите со оглед на тоа колку Роми живеат во општината.

Библиографија

• Државен Завод за Статистика. Попис на населението. Пристапено на: 11.11.2017. http://www.stat.gov.mk/Publikacii/knigaXIII.pdf

• Општина Куманово. Пристапено на: 11.11.2017. http://kumanovo.gov.mk/lista-na-sovetnici/

• А1он. Пристапено на: 11.11.2017. http://a1on.mk/archives/725428

• Кумановски Муабети. Пристапено на: 11.11.2017. http://kumanovskimuabeti.mk/vo-opshtina-kumanovo-nema-mesto-za-nitu-eden-od-13-diplomirani-romi/

• Министерство за здравство. Пристапено на: 11.11.2017: http://zdravstvo.gov.mk/category/proekti/romski-zdravstveni-medijatori/

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

Вовед

Како во сите општини така и во Делчево постојат многу фактори кои влијаат на структурата на населението. Овие податоци се базираат на пописот на населението од 2002 година. Оваа општина со години наназад пробува да го искористи економскиот и туристички потенцијал со кој би го решил најгорливиот проблем во општината, а тоа е вработувањето.

Според демографските податоци оваа општина има околу 651 граѓани Роми, според последните резултати од попис на население 2002 година . Оваа бројка се разбира се променува затоа што трендовите за миграција поради економска или образовна цел ги привлекува граѓаните да имигрираат а најчесто емигрираат во Скопје како главен град. Покрај овие фактори генерално влијаат повеќе фактори на општата популација на општината. Ромите во општина Делчево активно учествуваат во општествените текови на локално ниво. Често пати при избори нивната мобилизација резултирала со многу позитивни резултати и голема отвореност и соработка со граѓанскиот сектор. Нивниот капацитет како електорат го искористија во неколку наврати пришто Делчево е една од општините која има референт Ром во администрацијата.

ЛИЧНА КАРТА НА ОПШТИНАТА

Делчево е општина во источниот дел на Република Македонија, која опфаќа околу 422 километри квадратни. Општината е стратешки ситуирана затоа што на север и на исток се граничи со Република Бугарија додека пак на запад се граничи со општина Берово а на југ со Пехчево. Оваа општина брои околу 17,505 граѓани во која околу 11,536 живеат во општинскиот центар со композиција од неколку етнички заедници. Во Делчево живеат околу 95% граѓани со Македонска

Општина Делчево има повеќе граѓански организации меѓу кои и Ромски кои имаат големо влијание врз заединицата. Нивните напори заедно со соработката на локалните власти генерираа многу позитивни резултати во годините наназад. Како еден од позитивните примери што може да се забележи е посветеноста на општината за подобрување на квалитетот на

живот на Ромите во општина Делчево. Важно е да се напомене дека Делчево има усвоено локални акциони планови за Ромите во периодот 2017 – 2020. Покрај ова општината исто така учествува за организирање на прославата на меѓународниот ден на Ромите – 8ми Април. Општината исто така во соработка со граѓанскиот сектор издвојува финансиски средства за двајца ученици, еден од основно и еден од средно училиште.[1] Исто така треба да се напомене фактот дека општина Делчево е една од неколкуте општини кои го воведуваат изучувањето на Ромскиот јазик како изборен предмет во училиштата.[2] Општината покрај инвестирањето во учениците Роми, исто така издвојува финансиски средства за културни настани поврзани со Ромската заедница.[3]

Покрај вработениот референт Ром во локалните институции има вработено и други лица Роми. Образованието е на високо ниво затоа што опфатот на деца вклучени во образовниот процес во општината изнесува 100%.[4] Што го прави Делчево една од ретките општини со таков резултат на вклученост на деца во образовниот систем. Ромите во Делчево живеат во урбана средина.

Генерално состојбата на домување на Ромите во Делчево е добра, општината има донесено ревидиран план за домување во кој ги вклучува и Ромите.

Состојбата со здравството на Ромите во општина Делчево е малку поразлична, иако генерално сите имаат пристап до здравствени услуги, Ромите имаат значајно најлоша здравствена состојба во општината. Проектот за здравствени медијатори не ја покрива општина Делчево.

Според достапните податоци за општина Делчево може да се забележи дека проблемите на Ромите се меѓусебно поврзани. Покрај проблемите во здравството, домувањето, вработувањето и образованието постојат дополнителни проблеми кои го отежнуваат животот на Ромите во општината. Во контекстот на проблемите се додаваат и генерално идентификуваните проблеми на национално ниво како што е дискриминацијата. Во општината сеуште постои скриена структурна

[1] Хелсиншки Комитет за Човекови Права. Помеѓу имплементација и реалност на Националната стратегија за инклузија на Ромите – Декада на Роми 2005- 2015. Пристапено на: 11.11.2017.
http://www.mhc.org.mk/system/uploads/redactor_assets/documents/629/Romi_Analiza_Helsinski.pdf
[2] Ибид
[3] Ибид
[4] Ибид

дискриминација која често граѓаните ја пријавуваат во локалните граѓански организации.

Во целост, општина Делчево се труди да ги намали проблемите на сите граѓани вклучително и проблемите на Ромите во општината. Органите на општината често се фокусирани на генералните проблеми на општината без директен фокус или план за потребите на Ромите. Советот како главен орган на општината е поделен во постојани комисии кои се креирани според потребите на општината. Овие комисии се креирани според статутот на општината и нивната работа и ингеренции се детално опишани во истиот. Според статутот постојат седум (7) комисии[5] за различни сфери од општествениот живот на жителите во општината и тоа:

• Комисија за верификација, мандатни прашања, избори и именувања
• Комисија за еднакви можности
• Комисија за финансии, буџет и ЛЕР
• Комисија за јавни дејности
• Комисија за комунални работи и сообраќај
• Комисија за урбанизам, планирање и уредување на просторот и заштита на животната средина и природата
• Комисија за статут и прописи

Според дејноста, комисиите имаат различен домен на работа и учесници во овие комисии. Советниците учествуваат во овие комисии заедно со експерти на локално ниво кои работат во насока на изнаоѓање на решенија за проблемите на граѓаните. Според наведените комисии може да се забележи дека Ромското прашање е застапено во нивната работа.

Анализа на проблемите и приоритети

Според приоритетната поставеност на претставниците на работилницата[6] , општина Делчево ги приоретизира следните пет (5) потреби на Ромската заедница: Невработеност, Инфраструктура, Дискриминација, Образование на возрасни, Легализација на имот.

Според алармантноста на потребите на Ромите во Делчево, невработеноста претставува прв приоритет, потоа инфраструктурата и третиот главен приоритет во општина Делчево е дискриминацијата. Освен овие приоритети,

[5] Општина Делчево. Пристапено на: 11.11.2017. http://delcevo.gov.mk/opstinski-organi/sovet/2010-04-29-06-15-00.html

[6] Работилница на ИнСоК со претставници од локалните самоуправи при проектот „ROMA ACTION + civic engagement of local community“ Повеќе информации за проектот се достапно на https://goo.gl/VrnHWw

Ромите во Делчево се соочуваат со проблеми со обезбедување на образование на возрасни, легализација на имот вклучувањето на родовите аспекти во главните политики, здравствените и други аспекти.

Анализа и опции за решавање на приоритетните потреби

1. Општина Делчево се справува со генералните трендови од национално ниво. Покрај имиграцијата на младите а воедно и емигрирањето во Скопје како главен град со повеќе можности за вработување, младите исто така одлучуваат да имигрираат во западно Европските земји. Невработеноста кај Ромите во оваа општина често се поврзува и со дискриминацијата врз целокупната заедница.
Покрај тоа што овој проблем е генерално забележителен на национално ниво а воедно и тесно поврзан со многу други аспекти и домени во општеството, Ромите се во ситуација да одлучат дали би заминале од државата или би останале во општината. Овој проблем е двостран, но сепак локалната самоуправа треба да се потруди да ја искористи стратешката геоположба за унапредување економскиот развиток. Од една страна граѓаните треба да се адаптираат и преквалификуваат според потребите на пазарот на трудот, иако веќе се здобиле со високо образование треба да го капитализираат своето знаење во инвестиции во општината. Од друга страна локалната самоуправа треба да ја искористи географската положба и да ги унапреди економските односи со соседна Република Бугарија. Општината треба да привлече странски инвестиции во дизајнирани ТИРЗ-ови, но исто така и да го поттикне отварањето на локални мали и средни бизниси со повеќе мерки Постојат повеќе мерки кои би биле од голема корист и олеснување доколку локалната власт одлучи да го искористи максимумот од општината. Меѓу повеќето од опциите локалната власт може да понуди обезбедување на опрема, мали кредити, субвенции, ослободување од данок во одреден период, неповратни средства и други иновативни мерки кои би биле стимулација на младите.
2. Инфраструктурата како еден од главните потреби на Ромите во општината претставува елементарна потреба на секој граѓанин. Специфичноста на овој проблем е тоа што фокусот на инфраструктурни услуги за Ромите е помал за разлика од останатите. Генерално, овој проблем е исто така поврзан со повеќе фактори и други проблеми кои се индиректно

поврзани. Покрај општина Делчево, има голем број на други општини коишто го приоретизираат овој проблем затоа што малку се инвестира во решавањето на овој проблем.

За решавање на овој проблем најпрво треба општината да ги разгледа стратегиите за модернизирање на градот, а воедно и да ги земат локалните акциони планови во предвид. Според овие документи инвестирањето во населби каде што живеат Роми е најпрво инвестирање за граѓани од општината а потоа и решавање на горлив проблем на заедицата на Роми. Покрај инвестициите на општината, граѓанскиот сектор во соработка со локалната самоуправа има можност да аплицира за дополнителни грантови или други средства коишто би биле користени за обезбедување на подобри инфраструктурни услови на општината. Со ваквите мерки ќе се обезбедат канализациски мрежи, асфалтирани патишта, односно ќе се подобри инфраструктурата во целост со што би се олеснил животот на Ромите во општината, а со самото тоа ќе се подобри и животнит стандард на сите граѓани..

3. Дискриминацијата како и претходните два проблеми погоре, е проблем на национално ниво а во исто време и проблем кој ги засега граѓаните Роми во општината. Веќе традиционално најмногу напор за решавање на овој проблем вложуваат граѓанските организации и преку нивни кампањи и други активности нивото на дискриминација се намалува. Дискриминацијата најчесто се одразува во сите аспекти од социјалниот живот односно сите општествени текови, почнувајќи од образование до вработување и пристап до сите други услуги. Најчесто решавањето на овој проблем има долг процес и нема гаранција за целосно искоренување на предрасудите кај народот. Сепак како што веќе е напоменато, соработката на локалната самоуправа и граѓанскиот сектор ветува подобрување на ситуацијата. Имајќи во предвид дека Ромите стануваат се повеќе сензитивни на проблемот со дискриминација, се повеќе се актуелизираат проблемите до надлежните органи за решавање по системски пат. Покрај трендот на зголемена дискриминација на граничните премини специфично кон Ромската заедница, постојат и понови примери во кои се ангажира Комисијата за спречување и заштита од дискриминација. Еден од најпотребните опции за овој проблем е да се сензитивизираат локалните институции за структурната дискриминација. Покрај оваа мерка локалните власти треба да обезбедат локална институција во која граѓаните ќе можат

да пријават случаи на дискриминација а воедно ќе може да се реагира со соодветни казни. Важно е овој процес да не биде биде пасивен и граѓаните да изгубат доверба во властите за спречување на дискриминацијата.

Препораки

• Граѓаните треба да се адаптираат и преквалификуваат според потребите на пазарот на трудот, иако веќе се здобиле со високо образование треба да го капитализираат своето знаење во инвестиции во општината.

• Треба да ја искористи географската положба и да ги унапреди економските односи со соседна Република Бугарија. Општината треба да привлече странски инвестиции во дизајнирани ТИРЗ-ови, но исто така и да ги поттикне отварањето локалните мали и средни бизниси со повеќе мерки кои би го олесниле целиот процес

• Најпрво треба општината да ги разгледа стратегиите за модернизирање на градот а воедно и да ги земат локалните акциони планови во предвид.

• Граѓанскиот сектор во соработка со локалната самоуправа има можност да аплицира за дополнителни гратови или други средства коишто би биле од корист за обезбедување на инфраструктурни услови на општината. Со тоа ќе обезбедат квалитетен животен стандард на сите граѓани во општината и обезбедување на елементарни потреби на Ромите во општината.

• Да се сензитивизираат локалните институции за структурната дискриминација.

• Локалните власти треба да обезбедат локална институција во која граѓаните ќе можат да пријават случаи на дискриминација а воедно ќе може да се реагира со соодветни казни.

Библиографија

• Државен Завод за Статистика - http://www.stat.gov.mk/Publikacii/knigaXIII.pdf

• Хелсиншки Комитет за Човекови Права. Помеѓу имплементација и реалност на Националната стратегија за инклузија на Ромите – Декада на Роми 2005- 2015. Пристапено на: 11.11.2017.
http://www.mhc.org.mk/system/uploads/redactor_assets/documents/629/Romi_Analiza_Helsinski.pdf

• Општина Делчево - http://delcevo.gov.mk/opstinski-organi/sovet/2010-04-29-06-15-00.html

ОПШТИНА ВИНИЦА

Вовед

Главен проблем во општината е големата невработеност која изнесува дури 46% од работоспособното население и заради тоа се потребни интензивни активности да се подобрат условите за нови вработувања [1] . Кај ромската заедница според податоците за невработеност во текот на 2017та година регистрирани се вкупно 144 невработени Роми од кои 35 се жени Ромки. Споредбено со 2003та кога биле регистрирани 452 Роми како невработени, може да се заклучи дека невработеноста кај ромската заедница во оваа општина е драстично намалена. На оваа бројка свое влијание има и миграцијата како и поделбата на активни и пасивни баратели на работа што не носи до заклучок дека сепак ова не е реалната состојба на вработеноста на ромската заедница во Виница.. Според податоците на Центарот за социјални работи во Виница во 2017 година најголем број од примателите на социјална помош се Ромите со вкупно 101, а потоа следуваат Македонците со 75 примателите на ваква помош. Поради ваквата лоша финансиска состојба голем број на ромски семејства бараат подобри можности во западно европските држави.

ЛИЧНА КАРТА НА ОПШТИНАТА

Виница е град кој се наоѓа во источниот дел на Република Македонија со површина 334 км2 и се смета за една од помалите општини во државата. Според податоците на државниот завод за статистика во општина Виница живеат околу 19.274 жители од кои 92% од вкупното население се Македонци, а како втора етничка заедница која живее во оваа општина се Ромите со вкупен број од 1230 жители или 6,2% од вкупното населние.

[1] Општина Виница официјална веб страна. Достапно на: https://goo.gl/AqmGRh

Анализа на проблемите

По воведувањето на безвизниот режим во Република Македонија голем број на Роми ја напуштаат државата и одат во западно европските држави. Според НВО секторот голем број на ромски семејства од Виница го напуштаат ромското маало во кое живеат. Податоците[2] се дека повеќе од 50-тина семејства ја напуштиле општина Виница. Дополнително, според податоците од училиштата во општината, бројот на деца кои посетувале настава исто така се намалил за толкав број бидејќи заминале заедно со своите родители. Иако голем број на ромски семејства кои заминале како барателиа на азил, живеат таму и по неколку години, во изминатиот период неколку европски држави одлучија да ги враќаат во нивните матични држави.Поради ваквата одлука особено во Германија[3], поголем број на Роми во неколку групи се вратени назад. Ромите повратници по нивното враќање со соочуваат со голем број на проблеми, особено децата кои се на школување. Постојат одредени групи на деца коишто во европските држави поминале и повеќе од четири години и истите имаат потешкотии со говорење на македонскиот јазик, но исто така оваа група на ученици не може да го продолжат своето образование таму каде што застанале. Нивните родители се соочуваат со проблеми при барањето на социјална и здравствена заштита поради недостаток на соодветна документација. Постојат и случаи каде што одредени семејства пред заминување во западно европските држави ги продале своите домови со цел да се стекнат со финансиски средства за да може да ја напуштат државата. По нивното враќање назад нема каде да живеат, истите се приморани да живеат кај нивни блиски пријатели и роднини.

[2] Телевизија Кочани - ТВК, Азилантски Бран

[3] Financial Times, Germany cracks down on Balkan migrants as it welcomes Syrians. Достапно на: https://goo.gl/uNnZKS

Дополнителен проблем во Виница во однос на образованието на децата Роми е нивното заминување надвор од општината со родителите кои одат на сезонска работа при што овие деца не следат редовна настава.[4] Тие се враќаат заедно со родителите најчесто во октомври, односно во период кога училишната година е веќе почната.Поради тие причини не се во можност да се вклучат во наставата. Деца кои се вратиле со родителите од сезонска работа не се примаат назад на редовна настава туку се предвидува изгубената настава да ја надополнат вонредно. Овие семејства најчесто се примтели на социјална помош или пак, зависат единствено од приходите што ги добиле за време на сезонската работа и немаат финансиска поддршка за детето да може да ја надомести изгубената настава преку вонредно полагање испити затоа што тие се плаќаат.

Заклучок

Од наведеното може да се заклучи дека невработеноста во општина Виница е на високо ниво особено кај ромската заедница. Поради лошата економска состојба во која живеат Ромите во Виница дел од нив во надеж за подобар живот ја напуштаат општината и заминуваат во западно европските држави. По негативните одлуки за признавање на статус на азил голем број на Роми особено од Германија се вратени назад во нивните матични држави, таков е и случајот со општина Виница. Најголеми жртви на сите овие збиднувања се децата коишто во некои случаи дури и воопшто не го зборуваат македонскиот јазик и истите не може да го продолжат своето образование од тоа ниво каде што застанале во странската држава. Дополнителен случај со задоцнување на наставата се соочуваат и децата Роми чии родители мора да заминат на сезонска работа надвор од општината.

[4] Хелсиншки Комитет за Човекови Права, Анализа помеѓу имплементација и реалноста на националната стратегија за инклузија на Ромите Декада 2005-2015. Достапно на: https://goo.gl/4gj75H

Препораки

1. Да се обезбедат бесплатни правни совети и помош при обезбедување на документација. Лицата повратници по враќањето во Македонија поради недостаток на лична документација не можат да ги остварат своите права.
2. Помош при обезбедување на работни места преку Агенцијатаза вработување. Лицата повратници веднаш да се регистрираат како активни барателина работа се со цел да може да аплицираат за активните мерки за вработување и програми за обука.
3. Во делот на здравствена заштита, да се обезбеди пакет на основна здравствена заштита која што ќе важи се до завршување на постапката за вадење на лична документација. Со овој начин Ромите повратници веднаш по нивното враќање назад ќе може да бидат здравствено осигурени.
4. Во делот на образование на децата Роми коишто се вратени назад, да им се обезбеди интегрирање во системот на образование со дополнителна помош како на пример, индивидуален тренинг, советување и оддржување на дополнителна настава. Исто така во делот на образование да се обезбеди и одреден вид на стекнување на формално образование и за возрасните Роми повратници. Тоа ќе ги зголеми нивните можности за полесно наоѓање на работно место.

Библиографија

- Државен Завод за Статистика, “Статистички Годишник на Р.Македонија- Население 2013, Т-03.01.7: Попис 2012 Вкупно Население во Р.Македонија според припадноста на етничка заедница по општини”
- Општина Виница официјален веб сајт за податоци на невработеност
- Financial Times, Germany cracks down on Balkan migrants as it welcomes Syrians, December 2015
- Хелсиншки Комитет за Човекови Права, Анализа помеѓу имплементација и реалноста на националната стратегија за инклузија на Ромите Декада 2005-2015

ОПШТИНА КОЧАНИ

Вовед

Во отсуство на јавни политики за Ромите на локално ниво , не постои можност за систематско спроведување на активности за решавање на проблемите на Ромите и според тоа соодветно планирање и издвојување на буџет за Ромите во општина Кочани. Општина Кочани во изминатиот период имаше Локален акционен план 2010 -2015, меѓутоа политичката криза и другите приоритети придонесе процесот на усвојување на новите ЛАП да биде позабавено

Според бројот на Ромско население Општина Кочани е седма по ред на национално ниво, каде што локалното население сочинува 5.13%, иако неофицијалните податоци од страна на НВО, укажуваат на бројка од 2.300 жители Роми. Мнозинство од Ромското население како мајчин јазик го говори турскиот јазик, и токму поради тоа значителен број се идентификуваат и како Турци.

ЛИЧНА КАРТА НА ОПШТИНАТА

Површина: 360 км2,
Население: 38,092 жители,
Роми:1950 (1039 жени и 1156 мажи)
95% од Ромите живеат во следните улици Славче Стојменов, Митко Бекарски, Партизанска Колерски гробишта и др.
Еден референт за етнички прашања Правник Ром – соработник за подготовка на седници 257 Невработени Роми. 87 жени

Во однос на проблемите со кои Ромската заедница се соочува, во рамки на работилницата [1] со локалните претставници, инфраструктурата, вработувањето и домувањето беа идентификувани како најприоритетни области каде општината треба се фокусира во наредниот период. И покрај тоа што локалната самоуправа на Општина Кочани во своето досегашно работење презела низа мерки за подобрување на условите за подобрување на инфраструктура преку асфалтирање на улици, сеуште околу 30% од улиците

[1] Работилница на ИнСоК со претставници од локалните самоуправи при проектот „ROMA ACTION + civic engagement of local community“ Повеќе информации за проектот се достапно на https://goo.gl/VrnHWw

не се асфалтирани дури и некои делови од ромските населби не се поврзани со водовод и канализација.
Вработувањето е втор проблем по важност кој се јавува кај ромската заедница, особено во јавниот сектор каде што се вработени помалку од 1%.
Целта на овој документ за јавни политики е да ги идентификува приоритетните проблеми со кои се соочува Ромската заедница во Кочани и даде препораки за надминување на истите со цел вклучување на Ромите на локално ниво.

Анализа на проблемите

Инфраструктура и домување

Ромската населба во Кочани е вклучена во ДУП на општината, меѓутоа пренаселеноста и проширувањето на живеалиштата не е во согласност со стандардите и поради тоа не постои можност за урбан развој на Ромската заедница. Околу 95% од Ромското население е концентрирано и живее во 8 улици кои се меѓусебно поврзани.
Во општината, одреден број ромски живеалишта не се легално приклучени со водоводната и канализационата мрежа и нема пробиен пат до делови од населбата. Особено внимание треба да се посвети на веќе постојните дивоградби во ромската заедница, односно во овој контекст да се направат сите потребни активности со цел да се помогне на населението за овозможување услови за легализација на нивните градби. Исто така многу значајна компонента во овој домен претставува соработката со населението во насока на елиминирање на појавата на дивоградби. Во услови на дожд и лоши временски непогоди, земјиштето се лизга и предизвикува значителни материјални штети кај дел од ромското население.

Проблемот со домувањето на 25 ромски семејства кои живеат во старата касарна во супстандардни услови не е решен со години. Објектот е многу стар пред целосно распаѓање, а покрај тоа дворот се користи за отпад на ѓубре, кој влијание на здравјето на децата. Во овој “центар за сместување“ постои само една чешма и еден монтажен тоалет.

Вработување

Сиромаштијата, ниското ниво на образование на Ромите и понатаму претставува главен проблем кој испреплетен со дискриминацијата

придонесува многу Роми да не сево можност да најдат работа. Поради тоа, се почесто Ромите работат како физички работници, собирачи на железо и пластика, како и сезонски работници. Според податоци на АВРМ во Кочани 257 невработени Роми во 2017, од кои 87 се жени. Од структурата на невработени, најголем број се со незавршено образование и основно образование што укажува на ниско квалификувана работна сила.
Според анализата на ЦЕА, во текот на 2016 година само 7 Роми биле вклучени во некои од активните мерки за вработување од вкупно 420 лица. Според укажувањата на ромските НВОи, ова пред се должи поради евиденцијата на активни и пасивни баратели, каде што се забележани случаи каде што вработените од Агенцијата за вработување им сугерираат на ромската заедница да се јават после шест месеци при што Ромите после тоа го губат правото да бидат корисници на овие мерки .
Втор проблем кој се јавува во сферата на вработувањето е фактот што многу е мал бројот на Роми кои се вработени во јавниот сектор. Најчесто лицата од ромска националност кои сеа вработени во јавниот сектор се со основно образование и тоа најголем број во водовод (20), во болница (3) и во суд (1) на најниски не раководни позиции.

Препораки

Од анализата на буџетот може да се заклучи дека општината одвојува незначителен процент од буџет за Ромите и спроведува инфраструктурни проекти најчесто од типот на асфалтирање на улици. Од досега научените лекции, за решавање на комплексните прашања со кои Ромите се соочуваат, потребен е интердисциплинарен и интегративен пристап кој подразбира сет на комбинација на мерки од социјална заштита, образование, вработување и домување. Препораките во овој дел ќе бидат насочени кон сите засегнати страни кои придонесуваат и работат за развој на Ромската заедница и социо-економско вклучување на Ромите во општеството.

Препораки за домување:

1. Асфалтирање на улиците и поставување потпорни ѕидови каде што живеат Ромите.

Како приоритет на општината во наредниот период е асфалтирање на сите улици, каде што несомнено треба да влезат и улиците со претежно Ромско население и да се врши постојат мониторинг за да се осигури дека овој проблем ќе се надмине.

2. Адаптација на ромските населби за вклучување во проектот за гасификација на општината. Една од најавуваните мерки е гасификација на општината, при што тука треба да се има предвид дека поради лошата инфраструктура во ромските населби, пренатрупаноста и не-вклученоста во ДУП може да се случи гасификационата мрежа да ги заобиколи ромските населби. Оттука, препорака до општината е пред да почне со проектот да направи адаптација и за физибилити студија за воспоставување на гасификационата мрежа во ромските населби.

2.Социјални станови/ субвенционирање на домувањето на 25-те Ромски семејства кои се сместени во поранешната касарна и сет на интегративни мерки за образование, вработување. Крајно време е овие семејства да се дислоцираат и да се обезбедат социјални станови или субвенционирање на домувањето и низа пакет мерки од областа на социјална заштита, образование, активни мерки за вработување.

3.*Продолжување на процесот на легализација и без каматни кредити за Ромите* *кои се примателиа на социјална помош за покривање на трошоците на легализација*. Во овој дел се потребна кампањи и искористување на продолжениот рок за легализирање на дивите населби, како и финансиска поддршка за трошоците за легализирање.

4. Вклучување на ромските улици и населби во ДУП. Во овие рамки потребно е проширување на ДУП и вклучување на ромските маала и улици со започнување на проекти за комунално уредување во однос на пристап до водоводна и канализациона мрежа.

Препораки за вработување:

1.Вработување во јавниот сектор во општините, соодветна застапеност на Ромите согласно со процентуалната застапеност. Потребно е да се обучат кадри со високо образование и истите да се вработат (минимум по 1) во јавната администрација и државните претпријатија во раководни функции.

2.Воспоставување на дијалог со работодавците за обука на Ромското населени. Општината треба да го стимулира вработувањето на Ромите преку директен дијалог со потенцијалните работодавачи на начин што преку пакет олеснувачки мерки (мерки од типот на намалување на локални такси за комуналии и сл.) ќе даде поддршка за нивното вработување.

3. Поттикнување на Ромите за поактивно учество во активните мерки за вработување и стимулирање на претприемништвото. Прв чекор е да се отстрани условот за активен барател на работа за користење на мерките од агенцијата, и со тоа да им се овозможи на сите невработени лица да бидат корисници на мерките за вработување. Оттука, во секоја од предвидените мерки да се воведе таргетиран пристап на одреден број на Роми да бидат опфатени со различните програми, како и да се воведе дополнителна мерка за дообразование со оглед на тоа што поголем број од Ромското население е со основно образование. Исто така, треба да се вовед програми за Менторириање на ромски претприемачи и грантови за започнување на бизнис.

4. Гаранциона мрежа за зголемување на вештините на младите Роми. Со оглед на тоа дека Република Македонија треба да почне со имплементацијата на гаранционата мрежа на млади, општините треба да извршат мапирање на населението и идентификување на оние кои не се ниту во образование, ниту вработени и соодветно да креира мерки кои ќе ги таргетираат лицата на кои им е потребна квалификација и доквалификација

Библиографија

1. Преглед и анализа на националните политики и локалните услуги за социјална заштита – политики и иницијативи за социјално вклучување на Ромите преку пазарот на труд, ЦЕА 2017
2. Преглед на невработени лица според етничка припадност, АВРМ 2017
3. Локален Акциски План за Ромите 2010 – 2015

ОПШТИНА БЕРОВО

Вовед

Општина Берово е сместена во најисточниот дел на Република Македонија на самата граница со Република Бугарија, со вкупно население од 13,941 жители од кои 459 се Роми. Унапредувањето на позицијата на Ромската заедница претставува сериозен предизвик пред се поради немањето на доволно работни места во општината, при што се случува лица со високо образование да работат на позиции каде што е потребно средно образование.

Ваквиот феномен е причина младите да се иселуваат од општината и излезот да го бараат во главниот град или пак во земјите на ЕУ. Додека, не-ромското население емигрира на легален начин со набавка на бугарски пасоши, Ромите излезот го барат во барањето на азил во западноевропските земји. Во поново време со појавување на посреднички агенции за работа во странство, се поголем број на квалификувани Роми ја искористуваат оваа можност за подобар живот надвор од Македонија.

Во однос на проблемите со кои Ромската заедница се соочува, во рамки на работилницата [1] со локалните претставници, невработеноста и сиромаштијата се идентификувани како клучни приоритети на кои треба да работи општината. Предизвиците се уште поголеми имајќи ја во предвид структурата на локалната економија како и идниот потенцијал. Во

ЛИЧНА КАРТА НА ОПШТИНАТА

Површина: 595 км2, Население: 13,941 жители, Густина на населението: 23,4 жители на м2,Роми: 459, Просечна старост на населението 39 години, Две основни училишта, Центар за Социјални работи, Здравствен дом, Околу 15 Роми вработени во јавниот сектор, генерално на ниски раб. позиции (чистачи, комунално претпријатие) 137 Невработени Роми, 89 Жени

[1] Работилница на ИнСоК со претставници од локалните самоуправи при проектот „ROMA ACTION + civic engagement of local community“ Повеќе информации за проектот се достапно на https://goo.gl/VrnHWw

изминатиот период, локалната самоуправа ја подобри инфраструктура во ромските населби преку изградба на улици, водоводна мрежа и потпорни ѕидови. Дополнително, околу 14 социјални станови се распределени за Ромите.

Невработеноста е еден од најголемите проблеми, особено невработеноста на младите чија стапка на невработеност е 67%. Кога станува збор за Ромите, невработеноста изнесува околу 10% (137 Невработени). Потенцијалите за развој на општината главно се гледаат во развој на туризмот, мала, лесна и незагадувачка прехранбена индустрија и планско користење на шумските ресурси, кои може да генерираат вработување.

Целта на овој документ за јавни политики е да ги идентификува приоритетните проблеми со кои се соочува Ромската заедница во Берово и да даде препораки за надминување на истите со цел вклучување на Ромите на локално ниво.

Анализа на проблемите

Вработување

Најголем дел од невработените лица се неквалификувани работници (41,4%), со средна стручна спрема се 26,9%, додека најмал дел (9,7%) се лица со вишо и со високо образование. Стапката на невработеност изнесува 31.9%, каде од вкупно 2.681 невработено лице, 1.114 (41,6%) се жени. Невработеноста на младото население на возраст од 15 до 24 години изнесува 67,3%. Источниот регион, на кој припаѓа општината Берово има далеку пониска стапка на невработеност со 17% а исто така и стапката на вработеност во овој регион е повисока во однос на Берово и изнесува 49.4%. Друга карактеристика на невработеноста во општината е долгорочната невработеност. Од вкупниот број невработени лица, 31,5% чекаат на вработување осум и повеќе години. Најголем дел од невработените лица се неквалификувани работници (41,4%), со средна стручна спрема се 26,9%, додека најмал дел (9,7%) се лица со вишо и со високо образование.

Според процените на локалниот Центар за вработување, како најзагрозена категорија граѓани од аспект на вработувањето се посочуваат лицата кои завршиле високо образование. Кај нив постои согласност и интерес да се

вработат и на работни места за кои е предвиден понизок степен на образование и за работи што се помалку платени. Во однос на корисниците на услуги од социјална заштита, потребно е да се разгледаат можностите за стимулирање на нивно вработување преку законски мерки за поволни услови и директна поддршка (плаќање придонеси за подолг временски период).

Побарувачката на работна сила е мала и не може да придонесе за значително намалување на невработеноста. Сепак, неповолна е старосната структура (поради големиот удел на постарата, средовечна работна сила), како и половата структура (поголем е бројот на невработени мажи, а поголема е побарувачката за женска работна сила)

Во поглед на јавниот сектор вработени се 14 Роми, пред се во претпријатието за комунални услуги (14) и еден Ром/ка вработен/а во болницата. Ова се пред се ниски позиции, за кои е потребно само основно образование.

Препораки

Од анализата произлегува дека општината Берово се соочува со структурни проблеми – „задушена“ локална економија, кои значително го ограничување полето на дејствување кон Ромската заедница. Општината пред се треба да вработени кон надградба на капацититет на вработените во пишување и спроведување проекти како и да изнајде соодветни решенија за привлекување донатори и странски инвеститори во општината. Препораките во овој дел ќе бидат насочени кон сите засегнати страни кои придонесуваат и работат за развој на Ромската заедница и социо-економско вклучување на Ромите во општеството.

Препораки за домување:

1. Шеми за загарантиран месечен приход . Со оглед на тоа дека социјалните трансфери повеќе не се ефикасни и мотивираат пасивно однесување, во Македонија се отвори дебата за минимален загарантиран приход на секое семејства. Според експертите, тој би им се давал само на

оние луѓе кои живеат во сиромаштија и би бил условен со учество во работни програми или прифаќање на понудена работа. Неговата цел би била извлекување на корисниците над линијата на сиромаштија, која во моментов, според Државниот завод за статистика, изнесува месечно околу 200 евра за домаќинство.

2.Изградба на социјални претпријатие. За да се основа социјално претпријатие, потребно е пред се да се донесе Законот за социјално претприемништво за да се дефинираат олеснителните околности. Со оглед на тоа дека општина Берово најголем потенција има во полето на туризмот, земјоделството и сточарството, идеално е да се размисли за изградба на хотелски капацитети, како и погон за процесирање на зеленчук. На овој начин голем број од Ромите и останатите социјални категории кои се невработени ќе имаат директна корист од основање на социјално претпријатие.

Препораки за вработување:

1.Развој на земјоделство, пчеларство и сточарство. Имајќи ги во предвид потенцијалите на општината, Ромското население треба да преориентира кон стекнување вештини и знаења за одгледување на одредени земјоделски грани. Постојат голем број на можности особено од ЕУ фондовите за развој на земјоделство, пчеларство и сточарството. Општината треба да го стимулира со давање државно земјиште, почетен капитал или одреден добиточен сток на млади Роми за почнување на сопствен бизнис. Неопходна е тука и соодветно менторство од страна на искусни лица поради тоа што се потребни специфични вештини.

2. Интензивирање на локалниот економски развој и поголема економска размена со Република Бугарија. Блискоста на Бугарија особено оди во прилог на општината Берово поради можноста на вмрежување со останати општини од Бугарија и заедничко аплицирања на ИПА проекти за прекугранична соработка. Ова е особено битно за бизнис секторот со што се отвораат нови можности локалните компании да најдат партнери, разменат искуства, отпочне заедничка иницијатива и слушнат лекции како навремено да се адаптираат кон барањата на ЕУ.

Дополнително, отворањето на граничен премин исто така може да придонесе за стимулирање на економијата.

3.Преквалификација и доквалификација на работната сила за да одговори на локалните потреби на пазарот на труд. Потребна е преквалификација на Ромите во следните позиции поврзани со туризам – рецепционер, келнер, работа со програми со цел да се одговори на дефицитот на кадар во ова поле.

4. Стимулирање на претприемништвото и пристап до финансии. Општината заедно со централна власт треба да го стимулира отворањето на нови компании преку создавање на гарантен фонд за да го олесни пристапот до финансии на овие фирми за нивен понатамошен раст. Како можност и имајќи во предвид традиционалните активности на населението потребни се стимулации и поттикнување на веќе одумрените занаети и развој на традиционалното занаетчиство кое може да допринесе за поголем развој на туризмот како еден од столбовите согласно Стратегијата за локален економски развој на Општина Берово.

Библиографија

1. Стратегија за социјално вклучување, социјална заштита и намалување на сиромаштијата во Берово, МТСП, 2011година

2. Преглед на невработени лица според етничка припадност, АВРМ 2017 година

3. Стратегија за локален економски развој на општина Берово 2014 – 2019, општина Берово

4. Стратегија за туризам на општина Берово

Supported by RegionalCooperationCouncil

INSoC
Association Initiative for Social Change